РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1233

Скопје, 1 март 2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1233 ОД 1.3.2021 ГОДИНА

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Нерон Поповски, Селим Комина, Марија Ѓеракароска Радовиќ, Ненад Митрески, Ивица Бојовски, Антонио Гавриловски, Марина Иљовска, Вера Пеншовска Николова**)..................6-7

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Рецензија на ракописот **Библиотекарство** од авторката **проф. д-р Сузана Котовчевска**.......................................................................................................8-15

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Облигационо право** (**додипломски студии**), прво Е-издание, од авторите: **проф. д-р Гале Галев** и **проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска**....................................................................................................... 16-25

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Добивање на органски соединенија од сурова нафта**, прво издание, од авторите **проф. д-р Јане Богданов** и **проф. д-р Богдан Богданов** од Природно-математичкиот факултет во Скопје........................................................26-32
2. Рецензија на учебното помагало **Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи, прво издание**, од авторите **Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова** од Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.........................................................................33-41
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Виолета Анѓелковска**)...........................................................................................................42

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**доц. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, в. н. сор. д-р Сашо Јовановски**)........43-74
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Површинска адаптација, микропропустливост и клиничка ефикасност на различни материјали употребени како залевачи** од **д-р Либурн Куртиши**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.......................................................................................................................75-83
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Маја Петревска**).............................................................................................................84

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот под наслов **Дигитални системи на автоматско управување** од авторот **проф. д-р Елизабета Лазаревска**.........................................................85-90
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Милица Аризанова, Александра Ѓорѓиевска, Симона Наумовска, Тамара Соколовска, Александра Митрев, Божан Тодоров, Стојан Спасевски, Стефанија Ефремова, Тина Манолева, Христо Никодиновски, Сандра Јосифовска, Деспина Трајковска, Петрит Латифи, Катерина Стафилова, Ана Јованоска, Јана Ѓеорѓиевска, Веле Павловски, Владимир Јошевски, Александар Зиси, Ивона Ефремова, Бојан Николовски**)....................91-94

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите (дисциплини): диригирање и композиција (композиција) (60909), хармонија и полифонија со анализа (60908) и музички форми со анализа (60907) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**вонр. проф. м-р Сони Петровски**)...........................95-103

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух** од авторот **Александра Каровска Ристовска**...........................................................104-108

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Граматика на италијанскиот јазик, Глагол,** прво издание од авторката **Руска Ивановска-Наскова**................................................109-114
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик** (**синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти**) од **м-р Бојан Петревски**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје........................................................................................115-123
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ника Гавровска, Јулија Атанасовска**)..........................................................................................124

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Борче Вељановски**)..........................................................................................................125

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Нерон Поповски | "Анализа на хируршката корекција на адолесцентни идиопатски сколиози со задна сегментална инструментација и фузија со конструкција со висока густина во целост од полиаксијални педикуларни штрафови" | " Analysis of the surgical correction of adolescent idiopathic scoliosis with posterior segmental instrumentation and fusion with high density all polyaxial pedicle screw construct" | Проф. д-р Зоран Божиновски | 17.02.2021 0905-602/9 |
| 2. | Селим Комина | "Евалуација на Xpert Bladder Cancer Detection тестот во откривање на карцином на мочен меур кај пациенти со хематурија" | „Evaluation od „Xpert Bladder Cancer Detection“ test for the detection of bladder cancer in patients with haematuria” | проф. д-р Соња Топузовска | 17.02.2021 0905-602/10 |
| 3. | Марија Ѓеракароска Радовиќ | "Предиктори за појава на атријална фибрилизација кај пациенти по кардиохируршки интервенции" | „Predictors of atrial fibrillation in patients with cardiosurgical interventions “ | проф. д-р Елизабета Србиновска | 17.02.2021 0905-602/11 |
| 4. | Ненад Митрески | "Споредба на интензитет модулирана радиотерапија со 3-димензионална конформална радиотерапија при адјувантна радиохемотерапија кај радикално опериран ректален карцином во II и III стадиум" | „Comparison of intensity moduletaed radiotherapy with 3-D conformal radiotherapy within adjuvant radiochemotherapy of radically resected stage II and III rectal cancer” | Проф. д-р Снежана Смичкоска | 17.02.2021 0905-602/12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Ивица Бојовски | "Асоцијација на генетски мутации и полиморфизми со коронарна артериска болест и длабока венска тромбоза" | “Association of genetic mutations and polymorphisms with coronary artery disease and deep vein thrombosis” | проф. д-р Светлана Станковиќ | 17.02.2021 0905-602/13 |
| 6. | Антонио Гавриловски | "Фактори кои влијаат на задоволството кај пациентите по имплантирање на тотална ендопротеза на колено" | "Factors influencing patient satisfaction after total knee arthroplasty" | Проф. д-р Зоран Божиновски | 17.02.2021 0905-602/14 |
| 7. | Марина Иљовска | "Влијание на патогени и можно патогени варијанти на високо и умерено пенетрантни гени (brca1, brca2, pten, tp53, atm, chek2, palb2, cdh1) врз клиничко-патолошките карактеристики и исходот кај пациенти со ран канцер на дојка" | „IMPACT OF PATOGENIC AND LIKELY PATOGENIC VARIANTS OF GENES WITH HIGH AND MODERATE PENETRANCE (BRCA1, BRCA2, PTEN, TP53, ATM, CHEK2, PALB2, CDH1) ON CLINICAL-PATHOLOGICAL FEATURES AND OUTCOME IN EARLY BREAST CANCER PATIENTS “ | проф. д-р Игор Петров | 17.02.2021 0905-602/15 |
| 8. | Вера Пеншовска Николова | "Срцеви и липидни маркери како предиктори за коронарната артериска болест кај дијабетес мелитус тип 2 пациенти со и без дијабетична нефропатија" | “Cardiac and lipid markers as prediktors of coronary artery disease in patients with type 2 Diabetes mellitus with and without diabetic nefropathy” | Науч. сов. д-р Борјанка Танева | 17.02.2021 0905-602/16 |

***Прилог бр. 3***

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „БИБЛИОТЕКАРСТВО“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р СУЗАНА КОТОВЧЕВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр. 02 – 81/12, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Библиотекарство“ од авторката проф. д-р Сузана Котовчевска, наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за предметот Библиотекарство, избрани се проф. д-р Виолета Ачкоска и проф. д-р Кристина Николовска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Библиотекарство |
| **Назив на предметната програма:** | Библиотекарство<br>Историја на писмото и библиотеките |
| **Назив на студиската програма:** | 1. Библиотекарство<br>2. Одделенска настава |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 1. Библиотекарство – студиска програма: Библиотекарство, код: ЗПБ 20м, фонд: 3+2, 5 ЕКТС.<br>2. Историја на писмото и библиотеките- студиска програма по Библиотекарство, код: ЗПБ 1м, фонд: 3+2, 5 ЕКТС.<br>3. Библиотекарство – студиска програма: Одделенска настава, код: 110 ИПОН, фонд: 2+1, 3 ЕКТС. |
| Предметот Библиотекарство е задолжителен предмет во трет семестар на студиската програма Библиотекарство со фонд на часови 3+2, број на ЕКТС-кредити 5, изборен предмет во прв семестар на студиската програма Одделенска настава, со фонд на часови 2+1, број на ЕКТС-кредити 3. Предметот Историја на писмото и библиотеките е задолжителен предмет на студиската програма Библиотекарство, со фонд на часови 3+2, број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во прв семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 301 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 2 слики и 5 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Николовска, с.р.**

## I.Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Виолета Ачкоска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот за учебникот „Библиотекарство“, подготвен од авторката проф. д-р Сузана Котовчевска, поделен е во пет меѓусебно синхронизирани целини со чие научно елаборирање се добива комплетна слика за една мошне комплексна област – нејзината поставеност и начинот на функционирање во современите општества во функција на сѐ поголемите потреби за целосни информации и знаења за нивните корисници.<br>На почетокот на трудот, авторката прави еден хронолошки историски пресек на развојот на библиотеките и библиотекарството во различни историски епохи и цивилизации. Во овој почетен дел, авторката потенцира дека сите познати успешни владетели во историјата граделе и основале библиотеки на кои им придавале посебно внимание и значење. Во минатото, за храмовите на книгата биле изградени најубавите згради познати и препознатливи во историјата на сите напредни цивилизации. Тие претставувале гордост за владетелите кои почнале да се натпреваруваат во оваа област. Таа убава пракса и традиција продолжува во сите историски епохи и говори за важноста на библиотеките за вкупниот цивилизациски развој и за научните и културните дострели на секој народ во конкретните историски периоди на микрониво.<br>Во својот труд, авторката потенцира дека библиотекарството денес е издигнато на ниво на посебна научна дисциплина со значителен број на додатни научни дисциплини, додека библиотеките остануваат и стануваат гордост на секоја напредна нација и држава.<br>Проф. Котовчевска во своето дело прави успешен продор на еден мошне интересен инспиративен начин и дава одговори на вечните предизвици на библиотекарството и поставените проблеми:<br>- преку колекција на книгите („изградба“, пораст, класификација, каталогизација, чување);<br>- преку самата библиотека како организиран сервис (правила, персонал, локација, уредување, опремување);<br>- преку читателите и корисниците (реципрочни обврски на персоналот и публиката – корисниците, пристапот до книгите и другите разновидни фондови и збирки на информации, позајмувањето).<br>Авторката, која е врвен познавач на вкупната „технологија“ на библиотечното работење, во |

| | |
|---|---|
| | трудот неминовно вклучува и голем број на примери како незаменлив водич за студентите за поефикасно разбирање и практично вклучување во сите суштински процеси и фази на модерното и ефикасно библиотечно работење. Тоа претставува нов, паралелен и важен педагошко-дидактички придонес на презентираниот ракопис неопходен за успешен влез во светот на библиотечното функционирање во сите негови фази.<br>Содржините елаборирани во овој ракопис нудат и мошне корисни совети за воспоставување кооперативен, коректен и високопрофесионален двостран однос помеѓу библиотекарите и крајните корисници на нивните услуги за поквалитетен трансфер на библиотечниот материјал, знаењето и бараните информации.<br>На крајот на трудот, авторката Котовчевска се обидува со примена на научна анализа и синтеза да го лоцира местото на библиотеките и нивната функција во новиот век преполн со нови научни дострели и предизвици. Во таа насока, авторката ги сублимира сите нови трендови и тенденции неопходни за „опстојување“ на библиотеките во новиот дигитален простор. Во ова поглавје, неизбежен е и одговорот за новите дигитални библиотеки, како и новите предизвици во сферата на маркетингот и менаџментот на библиотеките со цел тие успешно да одговорат на потребите и предизвиците на новото време. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот „Библиотекарство“ во целост кореспондира со преметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Трудот на авторката Котовчевска обработува една мошне сложена и комплексна област следејќи го нејзиниот развој од историските почетоци до денес. Таа мошне успешно ги презентира и научно ги елаборира најзначајните базични теоретски аспекти на фундаменталните теми од оваа научна област. Целта на содржината во трудот е студентите студиозно, постапно и редоследно да се воведуваат во разбирањето и толкувањето на историските корени, потреби, како и во методологијата и методите и принципите неопходни за современо организирање и функционирање на библиотеките во 21 век.<br>Креирањето на јасна и концизна слика за истражуваниот феномен произлегува од логичните и хармонично структурирани целини на еден мошне разбирлив, но стручен јазик и стил на пишување со силно изразена практична дидактичка компонента. Содржините на трудот се фокусирани и кон |

| | |
|---|---|
| | можноста за практична едукација на студентите и нивна подготовка за успешно и стручно вклучување во сите процеси на модерното библиотечно работење.<br>Ракописот во целост нуди опширни и корисни содржини неопходни за потебите на студентите, но и за поширокиот круг на корисници. Содржините во презентираниот ракопис во значителна мера ја збогатуваат научната дисциплина за која е наменет, како и културната историја на својот народ како вреден цивилизациски и идентитетски дострел. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 301 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 2 слики и 5 табели.<br>Ракописот за учебникот „Библиотекарство“, предложен од проф. д-р Сузана Котовчевска, претставува нов првичен труд во информациско-библиотечната сфера во нашата научна мисла. Нашата оценка е дека станува збор за еден комплексен, содржаен и сублимиран квалитетен научен труд.<br>Презентираните содржини во ракописот на едно високо научно ниво ги елаборираат и научно и стручно ги објаснуваат поставените теми и даваат одговор на сите значајни прашања неопходни за продлабочување на знаењата на студентите во конкретната научна област.<br>Трудот е целосно синхронизиран, со изразена методолошка прецизност и конзистентност од неговиот почеток до неговиот крај. Посебна вредност на трудот му даваат исклучителните научни анализи кои отвораат нови хоризонти и претставуваат инспирација за понатамошни научни истражувања.<br>Вредноста на учебникот е збогатена со користење на соодветна научна литература (библиографија), како и со научно фундирани заклучоци за продор во новите научни предизвици во иднина. Ракописот во целост ќе претставува солидна основа и неопходен водич за стекнување на нови знаења во областа што е предмет на негово истражување. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите Библиотекарство и Историја на писмото и библиотеките, примарно наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Во Скопје, 11.2.2021 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.**

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р КРИСТИНА НИКОЛОВСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Библиотекарство“ од проф. д-р Сузана Котовчевска претставува прв учебник од областа на информациско-библиотечната наука во македонската општествена научна мисла.<br>Учебникот е поделен на пет поглавја, кои претставуваат солидна компонирана методска целина во која систематски се обработуваат сите суштински сегменти неопходни за конципирање на еден сеопфатен и современо моделиран учебник.<br>Секое поглавје е поделено на кратки единици кои ги краси содржинска исцрпност, логична заснованост и структурираност во една целина според сите предвидени современи педагошко-дидактички стандарди.<br>Структурата на трудот е конзистентна, одлично градена, со свој воведен дел, теоретски раст, богата аргументација и стабилни заклучоци за секоја тематска целина поодделно.<br>Структурната поставеност на учебникот овозможува правилна и логична крупна синтакса на трудот, кој, најпрво, во воведот ги појаснува мотивите и визијата на зафатот и поставените цели кои имаат научна и општествена оправданост.<br>Во првото поглавје, авторката нѐ воведува во светот на библиотеките и библиотекарството како високо вредна, незаменлива и универзална придобивка на културата низ вековите и цивилизациите. Потоа, авторката презентира неколку вертикали на дефинирање на клучните термини: библиотеки, видови на библиотеки (национални, јавни, високошколски, училишни и специјализирани), библиотечна дејност итн.<br>Во второто поглавје, авторката ги детерминира и целосно ги елаборира основните услови и предуслови за успешен развој на библиотеките и библиотечната дејност, потенцирајќи ги сите неопходни стандарди за успешно остварување на оваа вредна и високопрофесионална дејност.<br>Пулсирањето на храмовите на книгата и ризниците на целокупното човеково и цивилизациско знаење и меморија не би можеле успешно да функционираат без солидно образован, стручен и компетентен библотечен кадар без кој не може да се замисли нивното егзистирање и функционирање.<br>Во содржината на третото поглавје, авторката се фокусира на една стручна и мошне важна функција во библиотечното работење – обработка на книжниот фонд. Без стручно познавање на „технологијата“ неопходна за реализација на сите |

| | |
|---|---|
| | значајни цели и етапи на библиотечното работење, не би можело да се замисли финалниот процес во заокружувањето на животниот циклус на секоја одделна публикација сместена во библиотеката. Авторката мошне стручно, со вклучување на голем број детално и стручно-аналитички разработени примери, ги воведува читателите во сферата на практичната примена на теоретските принципи, правила и стандарди во техничката и стручната обработка на монографските публикации. Во ова поглавје има богати и применливи апликации врз примери од различни видови литература, односно различни дела од книжниот фонд.<br>Четвртото поглавје претставува следен логичен чекор во огромниот и комплексен предмет на истражување на библиотеките и библиотечната дејност – анализа на потребите и интересите на крајните (библиотечните) корисници. Во тој контекст, авторката потенцира дека библиотеките како информациски сервиси во целост се посветени кон обврската на своите корисници да им понудат релевантни информации, извори и услуги без никакви ограничувања. Авторката во ова поглавје говори и за едукацијата и мотивацијата на библиотечните корисници.<br>Петтото поглавје е крунисано од страна на авторката со неизбежното претставување на современите трендови и тенденции во библиотекарството како продукт на еден историски континуум (од почетоците до најсовремените трендови) во нивната мисија како чувари и распространувачи на знаењето низ вековите. Во функција на реализација на овие цели, авторката неминовно дава опширна експликација на новите стратегии за библиотечното работење, развојот на дигиталните библиотеки и презентација на учењето за маркетингот и менаџментот на библиотеките во светлото на потребите на новиот век.<br>Кон крајот на трудот „зреат“ заклучоците кои се поткрепени со обемна користена литература, која во голема мера го води авторот на трудот кон дилемите, размислите и решенијата за поставените прашања и предизвици, но и во целост му помага да излезе од можниот теоретски и практично-стручен лавиринт. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот во целост кореспондира со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот „Библиотекарство“ во целост ги исполнува сите неопходни критериуми и современи педагошко-дидактички стандарди. |

| | |
|---|---|
| | Структурата на трудот е конзистентна, одлично градена, со свој воведен (историски) дел, теоретски раст, богата аргументација, со значителен број на вредни и детално разработени примери и упатства за практична примена на каталогизацијата и класификацијата, стабилни заклучоци, проекција на новите трендови и тенденции во библиотекарството, поткрепено со обемна домашна и странска научна и стручна литература. Покрај клучните поими, ракописот успева да изгради голема и стабилна „пирамида“ на теоретски поими, каде што основните поими вешто се надоградуваат со цел спектар на споредни и помошни поими. Теоретските поими се дефинирани на најдобар начин со коректно почитување на методолошките критериуми и стандарди. Солидно поставената основа понатаму овозможува да се воспостави оперативна методологија која ќе се примени на конкретниот апликативен материјал.<br>Трудот е мошне инспиративен, тој покренува и отвора нови прашања за сите оние кои рајот го замислуваат како некој вид библиотека, а библиотеката како влез во рајот. Научниот зафат на проф. Котовчевска е значаен придонес во информациско-библотечната наука, прв мошне комплексен и содржаен научен труд од оваа научна област. Авторката преку содржините од секоја тематска целина успешно го осмислува досега неистраженото подрачје. Тоа го прави на опсежен, темелен и студиозен начин, кој дава високо научни резултати и отвора нови научни хоризонти и предизвици.<br>Ракописот е изложен на мошне јасен, концизен и разбирлив јазик, но и со целосно почитување на нучните термини и научниот говор. Преку содржинската исцрпност, аналитичност, логична заснованост и методолошка структурираност, ракописот претставува историски времеплов низ убавите библотечни градби од нивното пројавување до денес, нивното животно пулсирање, егзистирање и функционирање низ вековите сè до најновата современа актуелност. Логичниот и хармонично систематизиран и конструиран научен текст, на идните студенти, но и на пошироката стручна и научна јавност, им ги отвора вратите кон систематско изучување на предметната материја и запознавање со извонредно значајна културна и цивилизациска вредност којашто има континуитет низ вековите. |
| **Категоризација:** | учебник |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 301 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 2 слики и 5 табели.<br>Проф. Котовчевска во својот ракопис предложен за учебник нуди мошне широк и значаен спектар на историски и актуелни содржини, неопходни за расветлување на предметот на истражување и елаборирање, за историскиот развој на библиотеките низ вековите, за нивното актуелно пулсирање, но и содржини за ефикасна примена и остварување на севкупниот „технолошки“ процес во современото библиотечно работење.<br>Предложениот учебник во голема мера ќе придонесе за стекнување на солидни знаења и компетенции во конкретната научна сфера, максимизирање на академскиот потенцијал кај целната група на студенти. Новата книга ќе претставува „азбука“ за идните профсионалци – библиотекари, непроценлив водич низ библиотечните „лавиринти“ и богат извор за поттикнување и инспирација на нови научни истражувања. Исто така, ќе претставува корисна содржина за развивање на научноистражувачки компетенции во сферата на информациско-библиотечните науки.<br>Учебникот има исклучително значење за студентите од хуманистички студии, но и за другите категории на заинтересирани читатели за оваа сѐ уште недоволно истражена научна и стручна проблематика. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите Библиотекарство и Историја на писмото и библиотеките, примарно наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Скопје, 10.2.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Кристина Николовска, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО"(ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ), ПРВО Е-ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ И ПРОФ. Д-Р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА

Врз основа на Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската 2021/2022 година, бр. 11-1011/1 од 9.12.2021 година, и Барањето за издавање на учебникот „Облигационо право", во електронска форма, од авторите: проф. д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, и проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, со Одлука на Наставно-научниот совет, бр. 02-1289/11, донесена на 28.12.2020 година, за рецензенти се избрани: академик д-р Зоран Рашовиќ, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот на Црна Гора, Подгорица, и д-р Марко Беванда, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот во Мостар.

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Облигационо право (додипломски студии) |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Гале Галев<br>Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Облигационо право |
| **Назив на студиската програма** | Правни студии – додипломски студии |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | 60/ 48 +12 |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 130 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | **Прво електронско издание наменето за предметната програма Облигационо право на додипломски студии**.<br>Постојат три претходни изданија со ист наслов без поднаслов од истите автори, но во скоро двојно поголем обем (800 страници), во печатено издание, наменети за додипломски, магистерски и докторски студии за предметните програми: Облигационо право, Договорно право и Отштетно право. Последното е од 2012 година.<br>Ова е прво издание приспособено на предметната програма за прв циклус студии. |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Електронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | 526 страници |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Академик проф. д-р Зоран Рашовиќ, с.р.**
**Проф. д-р Марко Беванда, с.р.**

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: АКАДЕМИК ПРОФ. Д-Р ЗОРАН РАШОВИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот „Облигационо право" (додипломски студии) од проф. д-р Гале Галев и проф. д- Јадранка Дабовиќ Анастасовска е сочинет од Вовед и пет дела: Прв дел „Поим, извори и начела на облигационото право", Втор дел „Општо учење за облигациите", Трет дел „Облигациони договори", Четврти дел „Облигациони односи со причинување штета", Петти дел „Други облигациони односи", и на крајот е дадена користената библиографија. Тоа е компјутерски обработен текст од 529 страници со 357 фусноти и попис со 161 библиографска единица. Почнувајќи од воведот, во кој на еден атрактивен начин им се приближува на студентите испитната материја, авторите низ сите делови од учебникот постапно ги воведуваат студентите во темата и систематски ги разработуваат одделните институти на облигационото право. Во секој од петте дела од учебникот, авторите методолошки коректно ги воведуваат студентите во конкретната тема, ги разработуваат најважните институти и нивната поврзаност, и даваат можност самиот студент да повтори што е најважно и да ги провери своите знаења. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Целосно е во согласност со предметната програма и овозможува остварување на целите на програмата. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Авторите на овој учебник се распнати помеѓу обемноста на материјата (само Законот за облигационите односи има 1140 члена), и желбата облигационото право да се сведе на обем што мора да се совлада во еден семестар, доволен да се научи и да може да се надградува. Тие имаат извонредно тешка мисија, претходното енциклопедиско издание на својот учебникот да го скратат и да го приспособат на програмата за додипломски студии и потполно успеваат во тоа. Учебникот што е предмет на оваа оценка е помал по обем, од она што досега го работеле авторите, но тоа не ја намалува неговата вредност, затоа што со помал број на страници е кажано повеќе. Ова може да се припише на рафинираната мудрост на искусните автори. Јазикот со кој се користат авторите во овој учебник е едноставен, конкретен и разбирлив, тоа му дава особена вредност на овој ракопис. Начинот на кој се обработени познатите институти на облигационо право во овој учебник, поврзувањето на материјата, како и |

| | |
|---|---|
| | посочувањето на библиографијата во која можат да се прочитаат научните стојалишта на други автори, ја покажува умешноста на авторите на обработената материја да ѝ дадат свој особен печат. Авторите со големо педагошко искуство и одлично познавање на материјата на облигационото право напишале учебник што овозможува лесно совладување на испитната материја, темелно учење на институтите и постепено надградување на постигнатите знаења со можност за проверка на веќе наученото. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | По внимателното читање на текстот на учебникот, сметам дека авторите направиле голем напор комплексната материја на облигационото право да ја приспособат на предметната програма Облигационо право што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан први“ Скопје, и на едноставен начин да им ја прикажат на студентите по право, но и на сите кои во практиката би требале да ги освежат своите знаења од облигационо право. Учебникот „Облигационо право“ има димензија, како што велиме ние правниците, со erga omnes дејство, затоа што од него можат да учат и обичните луѓе како субјекти на облигационите односи во кои секојдневно стапуваме. „Облигационо право“ е современ, методолошки исклучително добар учебник, во кој теоретските лекции се комбинираат со практични вежби, содржински приспособен на предметната програма. Учебник што ги следи новините во позитивното право, укажува на потребите од неговото менување, и оттука воедно е доволно актуелен за сите кои професионално се занимаваат со облигационото право. Ценам дека сето ова што погоре беше кажано во приказот и оценката доволно ја потврдува оправданоста учебникот да се објави и да стане пристапен за студентите и за стручната и целокупна јавност. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи на Република Северна Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Учебникот „Облигационо право“ (додипломски студии) е прво вакво издание, наменето на предметната програма за облигационо право на додипломски студии. Всушност, иако учебникот се темели на учебникот „Облигационо право“ (широката енциклопедиска верзија која брои над 800 |

| | |
|---|---|
| | стр.) од 2012 година (тематски и содржински), како што во Предговорот наведуваат и самите автори, овој учебник е нов, збогатен со решенија од актуелните нови домашни и меѓународни позитивни извори, нови содржини, нова користена библиографија, и е приспособен потполно на предметната програма за додипломски студии. Во учебникот, материјата е скратена за скоро **35 %** во бројот на страници со внесени нови содржини приспособени на конкретната предметна програма. Сега учебникот брои 529 страници. Во учебникот има и потполно нови содржини наменети за повторување, вежби, запознавање со обрасци од практиката што ги нема во претходните изданија. Во останатиот текст на новиот приспособен учебник, користени се делумно делови од постарите изданија, но внесени се и нови содржини соодветни на промените на правните прописи во Република Северна Македонија и Европската Унија. Обработени се Уредбите за законска сила донесени за време на пандемијата, што имаат влијание на уредувањето на облигационите односи. Во учебникот се внесени голем број на нови библиографски единици (повеќето објавени по 2012 година) што се обработени во самиот текст. |
| **Други елементи** | |

**Рецензент**
**Академик д-р Зоран Рашовиќ, редовен професор, с.р.**

1. **ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: проф. д-р Марко Беванда**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот „Облигационо право“ (додиполомски студии) има 529 страници компјутерски обработен текст со 357 фусноти. Содржината е поместена во 5 дела, има Вовед и Попис на библиографски единици. Во првиот дел: „Поим, извори и начела на облигационото право“, авторите го објаснуваат значењето на поимот облигационо право, предметот на проучување и методот на уредување на облигационите односи; разработени се изворите на облигационото право, материјални и формални; во текстот, авторите прават посебен осврт на настанувањето, содржината и карактеристиките на Законот за облигационите односи; како новина, додаден е историјатот на работата на Комисијата за кодификација на Македонскиот граѓанскиот закон, како и методите и постапките што се користат при кодификација; значаен и нов е делот што се осврнува на кодификацијата на европското приватно право, особено на договорното и отштетно право; во овој дел од трудот се обработени и начелата на облигационото право; во вториот дел насловен како „Општо учење за облигациите“, авторите ги обработуваат видовите облигациони односи, нивните карактеристики; настанувањето на облигационите односи; содржината и дејството на облигационите односи; промените во облигационите односи; престанувањето на облигационите односи. Настанувањето на облигационите односи, сосема соодветно за ваков вид учебник, се разгледува од аспект на страните на облигационите односи, при што особено внимание се посветува на способноста којашто тие треба да ја имаат, спецификите на предметот на облигационите односи и специфичните факти кои доведуваат до настанување на облигационите односи. Содржината на облигационите односи се обработува од аспект на различните концепции за суштината на првата и на обврските како содржина на |

| | |
|---|---|
| | облигационите односи. Во овој дел, понатаму се анализира општото дејство на облигационите односи и спецификите на дејството во определени случаи.<br>Во третиот дел, „Облигациони договори‟, покрај содржина од општото учење за договорите, настанување, карактеристики, престанување на договорите, авторите обработуваат и поим, карактеристики и содржина на 19 посебни договори; претставувајќи го општото учење за договорите (поимот, белезите и значењето на договорите), авторите ги доведуваат во корелација со слободата на договарањето, како начело на облигационото право, што уште еднаш ја истакнува тенденцијата на поврзување на институтите на облигационото право во една непрекината нишка. Видовите договори, опфатени во втората глава на овој дел, се прикажани на јасен и разбирлив начин, што ќе им овозможи на читателите нив да ги препознаат во практиката. Изборот на авторите да ги прикажат посебните договори класифицирани според нивното правно дејство (договори што се правен основ за пренесување на правото на сопственост, договори што се правен основ за користење и чување туѓа ствар, договори што се правен основ за вршење услуги, договори за здружување труд и средства, договори што се правен основ за зајакнување на побарувањата, договори што се правен основ за промени во облигационите односи), како и јасната систематизација на белезите на секој од договорите посебно, е резултат на големото педагошко искуство на авторите во прикажувањето на обемната материја на посебните договори, и нивната желба неа да ја направат што поблиска до читателот. Во практичниот дел, направена е илустрација со водич за составување на договори, обрасци на договори и разни поднесоци.<br>Во четвртиот дел, „Облигациони односи со причинување штета‟, авторите ги обработуваат општите и посебните услови за настанување на облигационите односи со причинување на штета и |

| | |
|---|---|
| | начините на надоместување на материјалната и нематеријалната штета. Во практичниот дел на овој дел дадени се обрасци на тужби; во петтиот дел, „Други облигациони односи", авторите ги обработуваат институтите стекнување без основ; работоводство без налог, јавно ветување и хартиите од вредност како извори на облигационото односи. Тие се прикажани како посебни облигациони односи, на јасен и систематичен начин, и со тоа се направени лесно разбирливи за читателите. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебникот е усогласен со предметната програма и тематските единици во програмата. Целите на програмата можат да се остварат преку совладување на материјата содржана во учебникот. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Откако внимателно го прочитав ракописот „Облигационо право" (додипломски студии), можам да оценам дека овој ракопис по обем, структура и систематика, како и приспособеност кон предметната програма е резултат на долго педагошко искуство и одлично познавање на облигационото право на авторите. Авторите во учебникот успеваат да го најдат вистинскиот пат, комплексната, сложена и обемна материја на облигационото право на едноставен начин да ја презентираат пред читателот. Со правнички прецизен, но јасен јазик, тие ги осветлуваат најважните институти на облигационото право, ги дефинираат, ги определуваат нивните карактеристики, ги компарираат, ги илустрираат, ги конкретизираат со примери и ги прават теоретски, но и практично блиски до читателите. Студентите преку деловите по тематските целини предвидени за повторување на материјата, можат да ги утврдат своите знаења и преку поставените прашања сами да извршат проверка на научените лекции. „Облигационо право" (додипломски студии) е модерен универзитетски учебник, структуриран и елабориран за да им послужи за стекнување на знаења пред сѐ на студентите на додипломски |

| | |
|---|---|
| | студии за совладување на предметната програма. Воедно, овој ракопис може да послужи и за обновување на знаењата на пошироката стручна јавност, како и да даде одговор на одделни прашања или да овозможи стекнување на базични знаења и на најшироката популација, како што се потрошувачите. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Учебникот „Облигационо право" (додипломски студии) од авторите проф. д-р Гале Галев и проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, според својата структура, содржина и елаборација, претставува одличен универзитетски учебник наменет за совладување на предметната програма Облигационо право на правните додипломски студии. Со оглед на тоа што досегашните изданија по обем ја надминуваа предметната програма и студентите мораа да изучуваат одбрани теми од учебникот, објавувањето на приспособената верзија за додипломски студии сметам ќе биде од особена корист за студентите на додипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први", но и за додипломските студии на другите правни факултети во државата. Имплементираните нови содржини, како резултат на измена на македонските правни прописи, и правните прописи на Европската Унија, новата структура на учебникот со додавање на практични вежби, обрасци, судска практика и задачи за повторување, му додаваат вредност на овој учебник. Од сето погоре кажано произлегува оправданоста на предлогот – ракописот да биде објавен како учебник. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот нема дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | Овој наслов авторите не го објавуваат за прв пат. Но, прв пат со поднаслов „додипломски студии". Постојат три претходни изданија на учебникот „Облигационо право" од истите автори. Меѓутоа, овој учебник е прво и ново |

| | |
|---|---|
| | издание во електронска форма, наменето за совладување на предметната програма Облигационо право на додипломски студии. Трите претходни изданија по обем ја надминуваат предметната програма бидејќи секое од нив има околу 800 страници и беа наменети освен за додипломски, за мастер и за докторски студии. Ова издание е различно бидејќи 35 % е скратена материјата. Внесени се нови содржини и изменети се постојните со внесување на решенија содржани во домашното законодавство и правните прописи на ЕУ. Внесени се и коментирани актуелни библиографски единици. Потенцирано е што треба да се запомни и внесени се прашања за повторувања и вежби за предметната програма. Секако, задржани се содржини од претходните изданија, затоа што претходните изданија имаат делови со енциклопедиска, фундаментална вредност и претставуваат научни стојалишта на авторите што не се промениле. |
| **Други елементи** | |

**Рецензент**
**Д-р Марко Беванда, редовен професор, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебникот „Облигационо право“, во електронска форма, од авторите: д-р Гале Галев, редовен професор во пензија и д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Академик д-р Зоран Рашовиќ, редовен професор, с.р.**
**Д-р Марко Беванда, редовен професор, с.р.**

*Забелешка: Рецензијата објавена во Билтен, може да изнесува најмногу 10 страници, со проред 1.*

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИКОТ „ДОБИВАЊЕ НА ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА ОД СУРОВА НАФТА“, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЈАНЕ БОГДАНОВ И ПРОФ. Д-Р БОГДАН БОГДАНОВ ОД ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската 2020/2021 година, бр. 11-1011/1 од 9.12.2020 година и Барањето за издавање на учебникот „Добивање на органски соединенија од сурова нафта“ во електронска форма, од авторите проф. д-р Јане Богданов и проф. д-р Богдан Богданов од Институтот за хемија, Природно-математички факултет – Скопје, со Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1968/3, донесена на 29.12.2020 година, за рецензенти се избрани: д-р Славчо Алексовски, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет и д-р Наташа Ристовска, вонреден професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 3. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Добивање на органски соединенија од сурова нафта |
| **Име и презиме на авторите** | Проф. д-р Јане Богданов, Институт за хемија, ПМФ – Скопје<br>Проф. д-р Богдан Богданов, Институт за хемија, ПМФ – Скопје |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Анализа на нафтени деривати и горива<br>Органска хемија I<br>Органска хемија II |
| **Назив на студиската програма** | Хемија (прв циклус студии – применета хемија, наставна хемија и аналитичка биохемија) |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | Анализа на нафтени деривати и горива (2+0+2 = 4 ЕКТС-кредити)<br>Органска хемија I<br>(4+1+5= 10 ЕКТС-кредити)<br>Органска хемија II<br>(4+1+8= 8 ЕКТС-кредити)<br>Индустриска хемија<br>(5+1+0 = 6 ЕКТС-кредити) |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 20-30 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За** | Заради новонастанатата ситуација со ковид-вирусот, препорачуваме овој учебник да се издаде во **електронска форма** (pdf-формат). На тој начин |

| | |
|---|---|
| **издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | студентите (од која било единица на УКИМ) би имале неограничен пристап до наставните материјали, со што би се минимизирал физичкиот контакт. |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | Електронско издание достапно на официјалната веб-страница на УКИМ (издавачка дејност). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Славчо Алексовски, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Ристовска, с.р.**

## 4. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СЛАВЧО АЛЕКСОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Содржината на ракописот е поделена на 23 поглавја и литература.<br><br>На почетокот (*Вовед*), на читателот му е претставен историски осврт на петрохемиската индустрија, денешната состојба и посочени се идните трендови.<br><br>Второто и третото поглавје (*Суровини за добивање органски соединенија* и *Сурова нафта)* поглавје опфаќаат битен дел, каде што се опишани основните својства на суровата нафта, нејзиното рафинирање, како и суровините кои се потребни за одредени класи на органски соединенија (парафини, олефини и ароматни).<br>Во поглавјата 4 и 5, опишани се гасовитите нафтени деривати (природниот гас и втечнетиот нафтен гас) – нивните физичко-хемиски својства, добивање и анализа.<br>Во поглавјето *Јаглеводороди,* елаборирани се својствата, производството и употребата на заситените и незаситените петрохемикалии.<br>Во наредните 14 поглавја, детално се опишани физичко-хемиските својства, индустриските постапки за добивање и употребата на важни органски соединенија (ацетилен, етилен, пропилен, бутадиен, изопрен, циклохексан, бензен, толуен, ксилени, етилбензени, циклопентадиен, дициклопентадиен, нафталени, хидро-нафталени, антрацен, антрахинон, и виши олефини).<br>За да ја комплетираат сликата, авторите во поглавјата (20-22) го запознаваат читателот (студентот) со тешките фракции кои се добиваат по рафинирање на суровата нафта. Опфатени се тешките масла за горење и мазутот, кои во поново време се подложни на поригорозни регулативи во однос на содржината на сулфур, како и битуменот и асфалтените, кои се битни во градежниот сектор.<br>Во последното поглавје, *Катран и Писа*, авторите детално ги опишуваат |

| | |
|---|---|
| | потеклото, класификацијата и индустриското добивање на овие битни производи. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Да, предложениот учебник е во согласност со предметните програми на горенаведените предмети. Структурата на учебникот е соодветна на неговата намена. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Одличен учебник кој му дава на студентот по хемија добра основа за нафтената и петрохемиската индустрија. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 623 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 23 глави (вклучувајќи ја литературата). Тој содржи 301 слика, 178 табели и 55 библиографски единици и интернет-линкови. |
| **Предлози за потребни корекции** | Минорни технички корекции |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Учебникот не содржи дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Ова е прво издание на учебникот. |
| **Други елементи** | Овој учебник има содржини што се соодветни и за студенти од Технолошко-металуршки факултет, особено тие на предметите: Вовед во рафинериско производство, Технологија на преработка на нафта и гас, Петрохемиски стандарди и регулативи и Конвенционални извори на енергија, економија и екологија. |

**Рецензент**

**Проф. д-р Славчо Алексовски, с.р.**

## 5. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НАТАША РИСТОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот се состои од 23 поглавја: *Вовед, Суровини за добивање органски соединенија, Сурова нафта, Природен гас и течен нафтен гас, Јаглеводороди, Ацетилен, Етилен, Пропилен, Бутадиен, Изопрен, Циклохексан, Бензен, Толуен, Ксилени, Етилбензени, Циклопентадиен и Дициклопентадиен, Нафталени и хидронафталени, Антрацен и антрахинон, Виши олефини, Тешки масла за горење, Мазут, Битумен и асфалтени, Катран и писа.* Тој дополнително содржи предговор, содржина и користена литература заедно со електронски извори на податоци. Обработени се повеќе клучни области, како, на пример, значењето, квалитетот и производството на сурова нафта. Потоа, детално се опишани рафинериските процеси за добивање на примарните нафтени деривати, како и другите процеси на доработка за да се добијат производи со одреден квалитет. Опфатени се суровините за добивање на органски хемикалии и за секое органско соединение дадени се физичко-хемиските својства, процесите за производство и нивна понатамошна употреба.<br>За да се комплетира целиот комплексен процес, авторите ги опфаќаат релевантните теми за гасовитите горива (природен гас и течен нафтен гас). Последните поглавја 20-23 се посветени на тешки фракции и што се добиваат по рафинирање на суровата нафта (тешки масла за горење, мазут, битумен и асфалтени) и на катран и писа кои се добиваат со одреден третман на високи температури на материјали кои содржат органски соединенија. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Целосна усогласеност на ракописот со предметните програми од прв циклус студии по хемија: Анализа на нафтени деривати и горива, Органска хемија I, Органска хемија II. Дел од материјалот од овој учебник е соодветен и за предметот Индустриска хемија. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Одлична. Овој учебник е одлично структуриран и авторите на јасен и |

| | |
|---|---|
| | концизен начин го презентираат материјалот. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот содржи 623 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Тој содржи 301 слика, 178 табели и е поделен во 23 глави (вклучувајќи ја литературата). Студентите од прв циклус по хемија добиваат современ учебник што ќе ги воведе во клучните хемиски/технолошки процеси на преработка на сурова нафта и добивање на петрохемикалии. Станува збор за ракопис кој е обемен, методолошки и теоретски втемелен, добро систематизиран, логично изграден и кој ги обединува органската хемија и технологија. Студентот по совладувањето на дел од материјалот ќе може да ги уважи комплексноста, размерот и глобално значење на нафтената и петрохемиската индустрија. |
| **Предлози за потребни корекции** | Не се потребни дополнителни корекции. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Ракописот не содржи дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | Прво издание |
| **Други елементи** | |

**Рецензент**
**Проф. д-р Наташа Ристовска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебникот во електронска форма од авторите проф. д-р Јане Богданов и проф. д-р Богдан Богданов.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Славчо Алексовски, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Ристовска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО *ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА И ИНСТРУМЕНТАЛНИ АНАЛИЗИ, ПРВО ИЗДАНИЕ*, ОД АВТОРИТЕ ЈАСМИНА ПЕТРЕСКА СТАНОЕВА, МИХА БУКЛЕСКИ И МАРИНА СТЕФОВА ОД ИНСИТУТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската 2020/2021 година, бр. 11-1011/1-1 од 14.12.2020 година и Барањето за издавање на учебното помагало **Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи** во електронска форма, од авторите **Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова**, со Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-28/3 од 1.2.2021 година, донесена на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 29.1.2021 година, за рецензенти се избрани: д-р Симка Петровска-Јовановиќ, редовен професор, ПМФ (во пензија) и д-р Виолета Иванова-Петропулос, редовен професор, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**6. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Аналитичка хемија I-А и Б ниво, Аналитичка хемија II, Аналитичка хемија, Аналитичка и инструментална хемија, Инструментални аналитички методи – А и Б ниво. |
| **Назив на студиската програма** | Хемија - применета хемија, хемија - аналитичка биохемија, хемија - наставна хемија, студии по биологија - хемија, биологија - биохемија и физиологија, биологија - молекуларна биологија со генетика. |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | Аналитичка хемија I – А ниво (3+1+5), 8 кредити; Аналитичка хемија I – Б ниво (2+1+5), 6 кредити; Аналитичка хемија II (3+1+5), 8 кредити; Аналитичка хемија (4+0+4), 9 кредити, Аналитичка и инструментална хемија (4+0+3), 8 кредити; Инструментални аналитички методи – А ниво (4+1+4), 8 кредити; Инструментални аналитички методи – Б ниво (3+1+3), 6 кредити. |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | Учебното помагало ќе го користат просечно 250 студенти, вработените во хемиските и биохемиските лаборатории, а ќе може да послужи и за подготовка на ученици за меѓународни натпревари/олимпијади, каде што во последните неколку години се постигнуваат многу значајни резултати од оваа област, на кои сме особено горди. |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво издание |

| | |
|---|---|
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Издавање во електронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Симка Петровска-Јовановиќ, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос, с.р.**

1. **ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: проф. д-р Симка Петровска-Јовановиќ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот со наслов „Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи“, од авторите Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова, е изготвен според усвоените наставни програми од Наставно-научниот совет при ПМФ во Скопје. Учебникот е презентиран на 388 страници, со детални објаснувања на почетокот на секое поглавје, многу голем број на решени задачи и нивно детално објаснување, (од најразлични области – екологија, хемија, биологија, фармација, медицина и др.), задачи за решавање со дадени резултати, одреден број на табели и слики, како и користена литература.<br>Деловите на ракописот се логично и конзистентно поставени. Тие се вклопуваат во целината и даваат заокружена претстава и знаење при решавање на задачи од областа на аналитичката хемија, како и најчесто применуваните инструментални методи.<br>По структура, книгата е составена од девет поглавја:<br>• Раствори и нивни концентрации<br>• Експериментални грешки<br>• Гравиметрија<br>• Киселинско-базни рамнотежи<br>• Реакции на градење комплекси<br>• Реакции на градење талози<br>• Оксидационо-редукциони реакции<br>• Електроаналитички методи<br>• Оптички методи.<br>Во првото поглавје, со наслов „Раствори и нивни концентрации“, се дефинирани начините на изразување на квантитативниот состав на растворите, масен, количествен и волуменски однос, потоа удел на растворената супстанција, како и количествена и масена концентрација. Внимание е посветено и на решавање на различни задачи за приготвување на раствори.<br>Во второто поглавје за експериментални грешки, најнапред се дефинирани значајните цифри при различни математичките операции, потоа решени се повеќе задачи укажувајќи на точност, прецизност, апсолутна и релативна неопределеност, случајни и системски грешки.<br>Во следното поглавје кое носи наслов „Гравиметрија“, дадени се основите на таложната гравиметрија, како и на методите на испарување. Детално се објаснети примери во кои бараната компонента е во иста форма со измерениот талог, потоа случаи каде што компонентата се содржи во |

| | |
|---|---|
| | талогот, или може да се доведе во корелација со извaганиот талог.<br>Четвртото поглавје, „Киселинско-базни рамнотежи и титрации‟, најнапред ги дефинира јачините на киселините и базите, преку решавање на конкретни примери. Посебно внимание е посветено на киселинско-базните својства на солите и тоа на соли кои образуваат неутрални, базни, кисели раствори или хидролизираат на катјони и анјони. Одреден број решени задачи се однесуваат на пресметување на pH на раствори на силни киселии и бази, потоа на слаби киселини и бази, pH на полипротонски киселини и бази, на амфолити, како и на соли кај кои хидролизираат и катјоните и анјоните. Во овој дел се сместени и повеќе решени задачи за пресметување на концентрациите на поодделните форми на полипротонски киселини, при дадена вредност на pH, како и pH на пуфери. Киселинско-базните титрации и нивната примена денес се многу застапени во различни области, па затоа авторите посветуваат посебно внимание.<br>Комплекси и комплексометриски титрации е следното поглавје во кое станува збор за константите на стабилност, распределба на металниот јон и поединечните комплекси во зависност од концентрацијата на лигандот, влијанието на споредните реакции врз рамнотежата на градење комплекси, како и на комплексометриски титрации.<br>Шестото поглавје, „Талози и таложни титрации‟, во себе ги вклучува примерите за производ на растворливост, влијание на заедничките и туѓите јони врз растворливоста на талогот, потоа влијанието на споредните рекции (pH и формирањето на комплекси), фракционо таложење и таложни титрации.<br>Во делот за оксидационо-редукциони реакции, дадени се основите на овие методи, Нернстовата равенка и нејзината примена, влијанијата на: јонската сила, pH, реакциите на градење на комплекси и на таложење, врз електродниот потенцијал. Со решените задачи за оксидационо-редукционите титрации со детално објаснување, како и задачите за решавање (со дадени резултати), завршува ова поглавје.<br>Во осмото поглавје се вклучени теоретските основи и задачите од следните електроана-литички методи: електрогравиметрија, куло-метрија, амперометрија и волтаметрија.<br>Последното поглавје се однесува на оптичките методи. Објаснет е Беровиот закон, апсорпција и |

| | |
|---|---|
| | емисија и решени повеќе задачи со соодветни објаснувања. Во одредени случаи користен е методот на стандарден додаток, како и примена на Беровиот закон за анализа на смеси. На крај на поглавјето се спектрофотометриските титрации, дадени преку решени примери, како и примери за решавање. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебното помагало е во согласност со наставните програми за сите предмети за кои е предвидено. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Предложеното учебно помагало е доста обемно, токму поради идејата на авторите да биде во согласност со сите наставни програми на предметите за кои е наменет.<br>Со цел полесно совладување на наставните материи, авторите во текстот, во секое поглавје користат детални објаснувања на формулите и корелациите кои потоа се применети при решавање на конкретни задачи. Токму затоа, овие особини му обезбедуваат квалитет на добар универзитетски учебник кој ќе биде лесно разбирлив и прифатлив за корисниците. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот кој е предаден за рецензија „Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи‟ сметам дека ги задоволува сите современи трендови, академски, научни и стручни критериуми потребни за негово објавување како учебно помагало. Треба да се истакне и неговата сеопфатност и темелни објаснувања, при решавањето на задачите од најразличи области, како од секојдневието, така и од современите научни дисциплини. |
| **Предлози за потребни корекции** | Забелешките на рецензентот се минорни и се однесуваат на техничко подобрување на ракописот, како и унифицирање на користените единици. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | |
| **Други елементи** | Нема |

**Рецензент**
**Проф. д-р Симка Петровска-Јовановиќ, с.р.**

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА ИВАНОВА-ПЕТРОПУЛОС

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот со наслов „Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи“, од авторите Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова, е конципиран во 9 (девет) поглавја кои ги покриваат тематските целини и соодветните тематски единици предвидени со наставната програма: 1. Раствори, 2. Експериментални грешки, 3. Гравиметрија, 4. Киселинско-базни рамнотежи и титрации, 5. Комплекси и комплексометриски титрации, 6. Талози и таложни титрации, 7. Оксидационо-редукциони реакции и титрации, 8. Електроаналитички методи и 9. Оптички методи.<br>*Првото* поглавје од збирката се однесува на раствори и изразување на квантитативен состав на растворите. Авторите даваат објаснување за физичките величини и односи, удели и концентрации за изразување на квантитативниот состав на растворите и вклучуваат примери на решени задачи за секоја величина одделно, со детален опис на начинот на решавање. Во поглавјето е опишана постапка за подготовка на раствори. На крајот од поглавјето, авторите даваат задачи со вклучени крајни решенија за самостојна работа на студентите.<br>Во *второто* поглавје се обработени експерименталните грешки и преку повеќе решени задачи дадено е објаснување за значајни цифри при математички операции и типови на грешки. Поглавјето содржи задачи со дадени крајни одговори за самостојна работа.<br>*Третото* поглавје содржи опис и решени задачи за квантитативната метода гравиметрија, вклучувајќи таложна гравиметрија и методи на испарување. Авторите даваат задачи и крајни решенија за самостојна работа на студентите.<br>Во *четвртото* поглавје дефинирани се киселини и бази и разработени се голем број на задачи од тематската единица киселинско-базни рамнотежи. Задачите се детално објаснети и решени, преку кои се опфатени и киселинско-базните својства на солите. Бидејќи pH е важен параметар за составот на растворите, во ова поглавје е дадено посебно внимание на решавање и објаснување на задачи за пресметување на pH на раствори во различни водни системи. Поглавјето вклучува детални објаснувања на примери за активитет и киселинско-базни титрации. И ова поглавје содржи бројни задачи за самостојана работа на студентите.<br>*Петтото* поглавје се однесува на реакции на градење на комплекси. Во него се дава опис на константи за стабилност на комплекси и комплексометриски титрации, преку бројни примери на решени задачи во кои прецизно е објаснет начинот на решавање. И |

| | |
|---|---|
| | ова поглавје содржи задачи за самостојна работа, со прикажан краен резултат на задачите.<br>*Шестото* поглавје се фокусира на реакции на градење на талози. Авторите даваат теоретски опис, а потоа следат бројни решени примери преку кои студентот се запознава со определување на производ на растворливост на талози при различни услови, влијание на pH и формирање на комплекси врз растворливоста на талозите. Во поглавјето се опфатени и примери кои се однесуваат и опишуваат фракционо таложење и таложни титрации. На крај, поглавјето содржи задачи за самостојна работа, со вклучени крајни решенија.<br>*Седмото* и *осмото* поглавје ги опишува оксидационо-редукционите реакции, вклучувајќи теоретски пристап и бројни примери на решени задачи. Преку задачите се опфатени влијанија на различни фактори (јонска сила, pH, реакции на градење на комплекси, таложење) врз електродниот потенцијал. Во ова поглавје, авторите даваат опис и решени задачи кои се фокусираат на оксидациони-редуциони титрации и електроаналитички методи (електро-гравиметрија, кулометрија, амперометрија, волтаметрија). Како и претходните поглавја, и овие содржат задачи за самостојна работа со дадени крајни одговори.<br>Во *деветтото* поглавје се обработени оптички методи преку краток теоретски пристап, а потоа следат бројни решени примери кои се однесуваат на Беров закон и негови примени и стандарден додаток. И ова поглавје содржи задачи за самостојна работа на студентите со дадени крајни решенија. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Предложеното учебно помагало е во согласност со предметната програма. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Проблематиката што е предмет на обработка во ракописот е претставена во текст од 388 страници (формат А4), од кои на 387 страници е претставен основниот текст, а на 1 страница се дадени 6 релевантни библиографски единици.<br>Учебното помагало е лесно читливо, разбирливо напишано со прецизно објаснет начин на решавање на задачите од различните обработени тематски единици. Содржи бројни примери на решени задачи од различни тематски единици, со детално објаснет начин на решавање.<br>За обележување е фактот дека бројните задачи дадени на крајот од секое поглавје, со вклучени решенија, опфаќаат различни проблематики и области каде што се применуваат вакви аналитички методи, вклучувајќи фармација, биохемија, прехрамбена технологија, геохемија и сл. На тој начин се овозможува подготовка на студентите за практична примена на своето знаење во различни |

| | |
|---|---|
| | сектори на работење. Без сомнение, збирката задачи е подготвена од компетентни автори, активни во областа на практичната примена на аналитички и инструментални методи за анализа на аналити од различна природа.<br>Според тоа, ракописот претставува квалитетно учебно помагало, кој ќе биде лесно разбирлив и прифатлив од студентите на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, но ќе најде примена и на другите високообразовни институции во земјата на кои се изучува овој предмет. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми, поднесениот ракопис со наслов „Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи“, од авторите Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова, одговара на сите академски, научни и стручни критериумите за квалитет и приспособеност на наставните содржини. Според тоа, со задоволство го поддржувам објавувањето на овој ракопис и му предлагам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го одобри за издавање. |
| **Предлози за потребни корекции** | Не се потребни корекции. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Учебното помагало е прва верзија на објавен труд. |
| **Други елементи** | Нема |

**Рецензент**

Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос, с.р.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да донесе одлука за издавање на ракописот на учебното помагало „Збирка задачи по аналитичка хемија и инструментални анализи”, прво издание, во електронска форма, од авторите Јасмина Петреска Станоева, Миха Буклески и Марина Стефова.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Симка Петровска-Јовановиќ, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос, с.р.**

***Прилог бр. 5***

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 29.01.2021 година.**

**1. ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| **ед. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Виолета Анѓелковска, магистер по математичко образование во основно и средно училиште | „АДИТИВНИ ПОЛУГРУПИ ОД НЕНЕГАТИВНИ ЦЕЛИ БРОЕВИ. ДИМЕНЗИЈА И ФРОБЕНИУСОВ БРОЈ НА НУМЕРИЧКИ ПОЛУГРУПИ“ | „ADDITIVE SEMIGROUPS OF INTEGERS. EMBEDDING DIMENSION AND FROBENIOUS NUMBER OF NUMERICAL SEMIGROUPS“ | д-р Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија) | **02-640/8 од 01.02.2021** |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ од 10.11.2020 и „Лајм“ од 11.11.2020 година, за избор на 1 (еден) наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3469/1, донесена на 30.11.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Коруноска Стевковска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет, д-р Сашо Еленчевски, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет и д-р Никола Гиговски, редовен професор на Стоматолошкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) стоматолошка протетика, во предвидениот рок се пријавија доц. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова и в. н. сор. д-р Сашо Јовановски.

7. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката доц. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова е родена на 12.4.1974 година, во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, во 1992 година, како првенец на генерацијата на ниво на отсек (забни техничари). Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, во 1998 година. Во текот на студиите била корисник на стипендија од Министерството за образование и наука за талентирани ученици и студенти. Дипломирала на 23.11.1998 година, со просечен успех 9,63. Стручниот испит го положила на 17.2.2000 година. По завршените тригодишни специјалистички студии, на 13.1.2006 година специјализирала од областа на стоматолошката протетика.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2000/2001 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2003 година, со просечен успех 10.0. На 19.6.2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Евалуација на јачината на поврзување помеѓу порцеланот и композитот преку карактеризација на меѓуграничната површина – interface“.

Докторска дисертација пријавила на 29.12.2008 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ, а експерименталниот дел за дисертацијата го реализирала во референтната лабораторија за испитување на дентални материјали „BIOMAT - Leuven Research Cluster“, оддел на Стоматолошкиот факултет при Католичкиот универзитет „KU Leuven“, во Лувен, Белгија, под менторство на проф. д-р Bart Van Meerbeek. Дисертацијата на тема: „Евалуација на ефикасноста на керамичко-цементното поврзување кај целосно керамичките системи – студија in vitro“ ја одбранила на 10.4.2014 година, пред Комисијата во состав: проф. д-р Јагода Бајевска, проф. д-р Никола Гиговски, проф. д-р Силвана Георгиева, проф. д-р Анита Грозданов и проф. д-р Љубен Гугувчевски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошка протетика.

Во 2006 година е избрана во звањето помлад асистент, во 2009 година е избрана во звањето асистент, во 2016 година е избрана во звањето научен соработник, а во 2019 година е избрана во звањето доцент на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ, во областа стоматолошка протетика.

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1190 од 15.4.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 846, 850,

878, 886, 908, 969, 986, 1016, 1054, 1070, 1071, 1091, 1123, 1141, 1167, 1170 и 1190, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Стоматолошкиот факултет, кандидатката д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова изведува теоретска настава на студентите од прв циклус студии на студиската програма за стручни забни техничари, како и на студентите од втор и трет циклус студии на студиските програми за дипломирани доктори по стоматологија. Учествува и во изведувањето на практичната настава/вежби на студентите од прв циклус студии на студиските програми за доктори по дентална медицина и стручни забни техничари.

Кандидатката била ментор на 1 (еден) дипломски труд.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 10 (десет) дипломски трудови, комисии за полагање на предиспитен завршен колоквиум и комисии за полагање на специјалистички испит по специјалноста стоматолошка протетика.

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник под наслов „Технологија на фиксни протези – мостови“, и на „Практикум - Претклиничка фиксна протетика 2 – фиксни протези (мостови)“.

Доц. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова учествува во подготовката на планот и програмата за изведување на теоретската и практичната настава за реализација на специјализација од обласа на стоматолошката фиксна протетика, како и во подготовката на предметната програма за изборен предмет на студиската програма за интегрирани студии по дентална медицина.

Во текот на 2016 и 2017 година присуствувала на обуки организирани од Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии на Р Македонија, како и на конференција и регионална работилница организирани од европските комисии: European Commission DG EAC и European Commission EURAXESS.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова (во последните пет години) има објавено вкупно 41 научен труд од обласа стоматолошка протетика, од кои 12 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 7 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во стручно/научно популарно списание и 21 труд во зборници од научни собири.

Трудовите во кои се јавува како прв автор се цитирани во 190 трудови објавени во релевантни стручно-научни списанија, повеќето од нив вклучени во Web of Science (Thomson Reuters) базата на списанија.

Рецензент е на голем број трудови кои се објавени во значајни стручно-научни списанија.

Кандидатката активно учествувала на бројни национални и меѓународни конгреси, симпозиуми, конференции, едукативни и стручни курсеви.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за стоматолошка протетика при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Врши стручна и практична клиничка едукација на дипломираните стоматолози кои својот стаж го реализираат на Клиниката за стоматолошка протетика и на специјализанти – здравствени работници кои своите специјалистички студии ги завршуваат на истата клиника.

Кандидатката д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова остварила експертски активности како стручно лице од областите здравство и образование ангажирано од Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии на Република Македонија.

За својот придонес во унапредување на наставната и научната дејност, по повод 60 години постоење на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, добитник е на Пофалница.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Стоматолошкиот факултет, Стоматолошката комора и ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“:

- работни претседателства и организациски одбор на конгреси;
- изборни комисии при спроведување на процедурата за избор на ректор на УКИМ и на двајца членови во Универзитетскиот сенат;
- комисии за прием на студенти;
- Комисија за интерна контрола;
- комисии за попис;
- работни групи за спроведување на промотивните активности на Факултетот;
- промотивни активности на ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“;
- комисии за конзилијарен преглед;
- комисии за полагање на стручните (државни) испити.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, во учебната 2019/2020 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
**Проф. д-р Никола Гиговски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

**Кандидат: Емилија Драган Бајрактарова Ваљакова**
**Институција: Стоматолошки факултет**
**Научна област: стоматолошка протетика**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,63.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира:<br>Назив на научната област: протетика; поле: стоматологија; подрачје: медицински науки и здравство. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: Journal of Adhesive Dentistry.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science.<br>3. Наслов на трудот: Bonding effectiveness of luting composites to different CAD/CAM materials.<br>4. Година на објава: 2016. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.1.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, SCImago Journal Rank, PubMed.<br>3. Наслов на трудот: Acid etching as surface treatment method for luting of glass-ceramic restorations, part 1: Acids, application protocol and etching effectiveness.<br>4. Година на објава: 2018. | да |
| 3.1.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, SCImago Journal Rank, PubMed.<br>3. Наслов на трудот: Contemporary dental ceramic materials, a review: chemical composition, physical and mechanical properties, indications for use.<br>4. Година на објава: 2018. | да |
| 3.1.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, SCImago Journal Rank, PubMed.<br>3. Наслов на трудот: Hydrofluoric Acid: Burns and Systemic Toxicity, Protective Measures, Immediate and Hospital Medical Treatment.<br>4. Година на објава: 2018. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Dental Review.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови 31, Македонија 9, Хрватска 5, Бугарија 6, САД 1, Турција 1, Словенија 2, В. Британија 2, Србија 4, Норвешка 1.<br>3. Наслов на трудот: Dental ceramic materials, Part I: Technological development of all-ceramic dental materials.<br>4. Година на објава: 2018. | да |
| 3.2.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Dental Review.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови 31, Македонија 9, Хрватска 5, Бугарија 6, САД 1, Турција 1, Словенија 2, В. Британија 2, Србија 4, Норвешка 1.<br>3. Наслов на трудот: Tips and advices when planning and conducting the prosthodontic treatment in pediatric patients.<br>4. Година на објава: 2020. | да |
| 3.2.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Dental Review.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови 31, Македонија 9, Хрватска 5, Бугарија 6, САД 1, Турција 1, Словенија 2, В. Британија 2, Србија 4, Норвешка 1.<br>3. Наслов на трудот: Oral rehabilitation of a child with hypohidrotic ectodermal dysplasia: six years follow-up study.<br>4. Година на објава: 2020. | да |
| 3.5.1 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:<br>1. Назив на зборникот: Book of Abstracts.<br>2. Назив на меѓународниот собир: 24$^{th}$ Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS). Tirana, Albany.<br>3. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Македонија, Србија, Турција, САД.<br>4. Наслов на трудот: Dentinogenesis Imperfecta Type II: A multidisciplinary team approach.<br>5. Година на објава: 2019. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.5.2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:<br>1. Назив на зборникот: Зборник радова.<br>2. Назив на меѓународниот собир: 1. конгрес лекара Косова и Метохије. Косовска Митровица, Косово и Метохија.<br>3. Имиња на земјите: Косово и Метохија, Србија, Турција, Македонија, Црна Гора, САД.<br>4. Наслов на трудот: Celtra Duo - Третирање унутрашње површине рестаурација прије адхезионо цементирање.<br>5. Година на објава: 2019. | да |
| 3.5.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:<br>1. Назив на зборникот: Книга на апстракти.<br>2. Назив на меѓународниот собир: 8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Бугарија, Турција, Словенија - Белгија, Германија, Србија, Англија, Босна и Херцеговина – Република Српска, Португалија.<br>4. Наслов на трудот: Хибриди во фиксната протетика – керамички материјали со смолеста композитна матрица: зошто и каде?<br>5. Година на објава: 2018. | да |
| 3.5.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:<br>1. Назив на зборникот: Книга на апстракти.<br>2. Назив на меѓународниот собир: 8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Бугарија, Турција, Словенија - Белгија, Германија, Србија, Англија, Босна и Херцеговина – Република Српска, Португалија.<br>4. Наслов на трудот: Пародонтални компликации кај пациенти носители на фиксни и мобилни протетички конструкции и фиксни ортодонтски апарати.<br>5. Година на објава: 2018. | да |
| 3.5.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:<br>1. Назив на зборникот: Книга на апстракти.<br>2. Назив на меѓународниот собир: 1. конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика со меѓународно учество.<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, САД.<br>4. Наслов на трудот: Метал-керамички, целосно-керамички или циркониумски реставрации: избор, примена, за и против.<br>5. Година на објава: 2016. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент: 10.5.2019;<br>датум и број на Билтен: Билтен бр. 1190 од 15.4.2019. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност: | да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
**Проф. д-р Никола Гиговски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Емилија Драган Бајрактарова Ваљакова**
**Институција: Стоматолошки факултет**
**Научна област: стоматолошка протетика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии (*0,04):** | |
| | Вовед во дентална паралелометрија, Претклиничка мобилна протетика – парцијална протеза (учебна 2018/2019) **1 час *0,04** | 0,04 |
| | Вилично-лицева реконструктивна протетика (учебна 2018/2019) **2 часа *0,04** | 0,08 |
| | Заботехнички апарати и инструменти (учебни 2019/2020, 2020/2021) **30 часа * 2 години *0,04** | 2,4 |
| | Стоматолошка керамика I (учебни 2019/2020, 2020/2021) **15 часа * 2 години *0,04** | 1,2 |
| | **Клиника на фиксна протетика**, (1+6),<br>2000/2001до 2002/03<br>IX семестар (6 часа x 15 недели x 2 групи x 0.03) x 3 год. = 16,2<br>X семестар (6 часа x 15 недели x 2 групи x 0.03) x 3 год. = 16,2 | 32.4 |
| | **Клиника на фиксна протетика**<br>2003/04 до 2007/08<br>IX семестар (6 часа x 15 недели x 2 групи x 0.03) x 5 год. = 27 | 54 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
| | X семестар (6 часа x 15 недели x 2 групи x 0.03 ) x 5 год.= 27 | |
| | **Клиника на фиксна протетика I и II** (1+6)<br>2011/12, 2012/13<br>IX семестар (6 часа x 15 недели x 1 група x 0.03) x 2 год. = 5.4<br>X семестар (6 часа x 15 недели x 1 група x 0.03) x 2 год. = 5.4 | 10.8 |
| | **Клиника на фиксна протетика I и II** (1+6),<br>2014/15, 2015/16<br>IX семестар (6 часа x 15 недели x 1 група x 0.03) x 2 год. = 5.4<br>X семестар (6 часа x 15 недели x 1 група x 0.03 ) x 2 год. = 5.4 | 10.8 |
| | **Клиничка фиксна протетика**<br>**2020/2021**<br>IX семестар (3 часа x 15 недели x 3 групи x 0.03) = 4.05 | 4.05 |
| | **Претклиничка фиксна протетика (1=3)**<br>2019/2020<br>V сем (3часа x 15 недели x 4 групи x 0,03) = 5.4<br>V сем. ( 3 часа x 15 недели x 1 група x0,03) = 1.35 | |
| | **Претклиничка фиксна протетика (1=3)**<br>2020/2021<br>V сем. (3 часа x 6 недели x 1 група x 0.03) = 0.54 | 0.54 |
| | **СТРУЧНИ ЗАБНИ ТЕХНИЧАРИ**<br>**Практична настава** | |
| | **Технологија на фиксни и мобилни протези**<br>(2+12)<br>2002/03, 2003/04 и 2004/05<br>II семестар (12 часа x 15 недели x 1 групи x 0.03) x 3 год. = 16.2<br>III семестар (12 часа x 15 недели x 1 групи x 0.03) x 3 год. = 16.2 | 32.4 |
| | **Технологија на фиксни протези – коронки и мостови**<br>(2+12)<br>2005/06, 2006/07 и 2007/08<br>II семестар (12 часа x 15 недели x 1 групи x 0.03) x 3 год. = 16.2<br>III семестар (12 часа x 15 недели x 1 групи x 0.03) x 3 год. = 16.2 | 32.4 |
| | **Технологија на фиксни протези – коронки**<br>(2+12)<br>2011/12 и 2012/13<br>II семестар (12 часа x 15 недели x 1 групи x 0.03) x 2 год. = 10.8 | 10.8 |
| | **Технологија на фиксни протези – коронки**<br>2019/2020<br>II сем. (3часах 2 недели x 1 група x 0.03) = 0.18 | 0.18 |
| | **Стоматолошка керамика** (1+4)<br>2002/2003 до 2007/2008<br>V семестар (4 часа x 15 недели x 1 група x 0.03) x 6 год. = 10.8<br>VI семестар (6 часа x 15 недели x 1 група x 0.03) x 6 год. = 16,2 | 27 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Консултации со студенти рамките на здравствена клиничка пракса** 10x0,2x13=26 | 26 |
| | **Консултација со студенти** 20 x 0,002 x13=0,48 | 0,52 |
| | **Вкупно** | **322,02** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Магистерски труд: „Компаративна анализа на прецизноста на рабното затворање на леани надградби изработени по директна и индиректна метода” – Скопје, 2002. | |
| | Докторската дисертација: „Процена на влијанието на површинската обработка на керамички надградби и нивниот ефект на фрактурната резистентност на ендодонтско третирани заби“ - Скопје, 2012. | |
| | Постдокторат - Љубљана, 2014: Zirconia Oxide Ceramics | |
| **1.** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (8+if) | |
| | **S. Jovanovski**, J. Cotic, A. Kocjan, C. Oblak, P. Jevnikar. Fracture resistance of endodontically teated maxillary incisors restored with zirconia posts: effect of the internal plateau preparation. Advances in Applied Ceramics Structural, Functional and Bioceramics. Avgust, 2018, Импакт-фактор: 1.092. | 4.8+1.092=5.892 |
| | Brankovič J[1], **Jovanovski S[2,3]**, Jevnikar P[2], Hofmeister A[4], Reininger-Gutmann B[4], Jan J[5], Grošelj M[5], Osredkar J[6], Uršič M[1], Fazarinc G[1], Pogačnik A[1], Vrecl M[1]. Alterations in geometry, biomechanics, and mineral composition of juvenile rat femur induced by nonplanar PCB-155 and/or planar PCB-169. Environ Toxicol. 2017 Apr;32(4):1135-1146. doi: 10.1002/tox.22309. Epub 2017 Jul 9. Импакт-фактор: 2.937 | 4.8+2.937=7.737 |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет **(5)** | |
| | The Influence of Crown Ferrule on Fracture Resistance of Endodontically Treated Maxillary Central Incisors. **S. Jovanovski**, J. Popovski, A. Dakskobler, Lj. Marion, P. Jevnikar. Balk J Dent Med, 2017; 21: 44-49. | 3 |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на | |

| Ред. бр. | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји (5) | |
| | А. Мијоска, Б. Капушевска, Ј. Бајевска, Е. Бајрактарова-Ваљакова, Н. Ставрева, Љ. Симјановска, М. Марковска-Арсовска, К. Митиќ, В. Јуруковска-Шотаровска, **С. Јовановски**. Пушењето како ризик-фактор при изработка на протетички реставрации над импланти. Македонски стоматолошки преглед. Ноември 2016: број 2 / 18-40. | 3 |
| **4.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5)** | |
| **5.** | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција** | |
| | M. Antanasova, A. Kocjan, **S.T. Jovanovski**, P. Jevnikar. Bonding of Dental Porcelan to CAD/CAM Processed Dental Alloys. CED-IADR/ NOF, Viena, Septemvri, 2017; 169. | 1 |

| Ред. бр. | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | V. Jurukovska-Shotarovska, B. Kapushevska, F. Baftijari, Aneta Mijoska, **S. Jovanovski**. MEHANICAL PROPERTY OF TITANIUM POSTS. Mehanicki osobini na titaniumski kolcinja. CONGRESS OF THE ASSOCIATION OF PROSTHETIC DENTISTRY – MACEDONIAN DENTAL SOCIETY WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION, Ohrid, 24-26, Juni 2016: 118-119. | 1 |
| | **S. Jovanovski**. SAVREMENI KONCEPT ZA OBNOVU ENDODONTSKI LEČENIH ZUBA/ CONTEMPORARY CONCEPT FOR RESTORATION OF ENDODONTICALLY TREATED TEETH. 15. Kongresu stomatologa Srbije, Sava Centar, 17-19.11.2016. | 1 |
| **9.** | **Пленарно предавање на научен-стручен собир со меѓународно учество** | |
| | **S. Jovanovski**. Double Ferrule Effect A New Approach To Contemporary Concept. *Plenarno predavanje*, 22-st BaSS, Banja Luka, Maj, 2016: BL 5/07. *(пленарно предавање)* | 3 |
| | **Вкупно** | **25.629** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | |
| | **Специјализација** во областа на медицинските науки и здравството:<br>19.3.1999 – Стоматолошка протетика, Стоматолошки факултет, УКИМ, Скопје | |
| | **Студиски престои во странство** | |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (*1)**<br>= Член на програмски одбор на XXII балкански стоматолошки конгрес, Бања Лука, 2016 год. | 1 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација (*3)** | |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација - самостоен (* 3)**<br>Пофалница од Стоматолошкиот факултет при УКИМ, за особен придонес за унапредување на наставната и научната дејност на Факултетот (60 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје), Скопје, 2019 год. | **3** |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**<br>Префабрикувани циркониумски колчиња со ретентивен коронарен облик за реставрација на ендодонтски третирани заби – in vitro процена на третманот.<br>Меѓународен научноистражувачки проект. Јуни 2016 г. Носител на проектот и главен истражувач: проф. д-р Јулијана Николовска.<br>Учесници: проф. д-р Мирјана Поповска, проф. д-р Никола овски, проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, н. сор. **Сашо Јовановски**, н. сор. Анета Мијоска | 1 |
| | **Вкупно** | **5** |
| | **ДЕЛНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| | Член на FDI Word Dental Federation од 1996 год. под број 45010 | **1** |
| | Член на IADR од 2014 год. под број 780119 | **1** |
| | Член на Здружение на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ) | **1** |
| | Член на Македонското стоматолошко друштво | **1** |
| | Член на Стоматолошката комора на Македонија | **1** |
| | Член на Балканската стоматолошка асоцијација | **1** |
| | **Вкупно** | **6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 322,02 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 25,629 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 5 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 6 |
| Вкупно | 358,649 |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
**Проф. д-р Никола Гиговски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова и д-р Сашо Јовановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област стоматолошка протетика.

Комисијата, врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот д-р Сашо Јовановски, заклучи дека тој поседува научни и стручни квалитети, но не го исполнува условот предвиден со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје односно нема објавено најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на конкурсот за избор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област стоматолошка протетика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
**Проф. д-р Никола Гиговски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОВРШИНСКА АДАПТАЦИЈА, МИКРОПРОПУСТЛИВОСТ И КЛИНИЧКА ЕФИКАСНОСТ НА РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ УПОТРЕБЕНИ КАКО ЗАЛЕВАЧИ” ОД Д-Р ЛИБУРН КУРТИШИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Согласно со член 110 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), на предлог на Советот на студиската програма за трет циклус на студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје, Наставно-научниот совет, на својата 35. редовна седница одржана на 11.2.2021 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Либурн Куртиши, со наслов: ПОВРШИНСКА АДАПТАЦИЈА, МИКРОПРОПУСТЛИВОСТ И КЛИНИЧКА ЕФИКАСНОСТ НА РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ УПОТРЕБЕНИ КАКО ЗАЛЕВАЧИ, во состав: проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска (претседател), проф. д-р Мира Јанкуловска (ментор), проф. д-р Марија Стевановиќ (член), проф. д-р Александар Димков (член) и проф. д-р Ивона Ковачевска – Универзитет „Гоце Делчев” – Штип (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот д-р Либурн Куртиши, со наслов „Површинска адаптација, микропропустливост и клиничка ефикасност на различни материјали употребени како залевачи”, содржи 153 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia со 1,5 проред и големина на букви 12, 216 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и меѓународни акти. Таа содржи 26 табели, 30 графикони и 45 фотографии.

Докторската дисертација ги содржи сите поглавја на една научноистражувачка студија: вовед, мотив за изработка, цели на студијата, материјал и методологија, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература. На почетокот е приложена кратка содржина (на македонски и на англиски јазик). Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Начинот на изнесување на проблемот во дисертацијата и научната мисла се концизни, јасни и лесно разбирливи.

Во **воведот и прегледот на литература**, кандидатот говори за методата на залевањето на јамичките и фисурите која претставува ефикасен неинвазивен пристап во спречувањето на појавата на денталниот кариес кај децата и адолесцентите. Способноста за цврсто припивање за емајлот и успешно задржување за емајловата површина на материјалите за залевање, овозможува создавање на физичка бариера за оралните кариогени микроорганизми и јаглените хидрати од храната, на кој начин се спречува одвивањето на кисело-хемиските реакции кои се предуслов за развој на денталниот кариес на забните површини.

Успехот на секое кариес-превентивно средство, говори авторот, се одредува според степенот на инхибиција на денталниот кариес постигнат со

неговата примена, што секако важи и за залевачите. Сè додека залевачите остануваат интактни и цврсто припиени на забната површина, не постојат можности да дојде до појава на дентален кариес под нив.

Превентивните бенефити се загарантирани само доколку залевачите на јамичките и фисурите остануваат комплетно ретенирани со адекватна адаптација со емајлот. Во спротивно се јавува микропропустливост и се создаваат услови за појава на дентален кариес под залевачот. Проблемот со способноста на пентрацијата на залевачот во фисурата се должи на типот или формата на фисурата. Затоа, залевачот кој може да се адаптира добро во тесните, длабоките или плитките фисури, најверојатно, ќе обезбеди супериорно запечатување и соодветно, превенција од дентален кариес.

Маргиналната микропропустливост, која може да се манифестира по примената на методата на залевањето на фисурите, овозможува бактериите да пенетрираат под залевачот иницирајќи го процесот на создавање на дентален кариес. Причината за долгиот клинички успех после третманот со поставувањето на залевачите, лежи во способноста на залевачот да формира микромехничка врска со неорганскиот супстрат на емајлот. Микропропустливоста е една од најголемите недостатоци на залевачите, предизвикувајќи бактериска инвазија и појава на секундарен кариес. Саливарната контаминација за време на поставувањето на LCRBS-композитните залевачи ја зголемува микропропустливоста и ја намалува ретенцијата. Поради поголемата толеранција на влага од страна на глас-јономерите, тие би биле добра алтернатива во ситуации кога не можеме да обезбедиме сува работна средина, во случај на комплицирано менаџирање со детето пациент или парцијално еруптиран молар.

Во одделни студии, наведува кандидатот, се препишуваат одредени негативности на конвенционалното нагризување со фосфорна киселина, заради тоа што деминерализацијата на оклузалната површината ја прави глеѓта попорозна и предиспонирана кон кариес, особено кога деминерализираниот супстрат на глеѓта останува непокриен од материјалот кој се употребува како залевач. За да се надмине оваа ситуација, биле реализирани бројни студии за алтернативни постапки за третманот на оклузалната површина на глеѓта, како што е *Er: YAG-ласерското* зрачење. Принципот на работа на *Er: YAG-ласерот* е „механички” со микроексплозии од инстанто испарување на водата која ја содржат ткивата.

Залевањето на јамичките и фисурите е препорачлива постапка од неодамнешните упатства засновани на докази од страна на Американската дентална асоцијација (ADA) и Американската академија за детска стоматологија (AAPD), споредено со незалеаните заби или употребата на флуориден варниш (лак). Со цел да се задржат бактериите што подалеку од нивниот извор на хранливи материи, залевачите може да се припојат микромеханички со емајлот за да се обезбеди физичка бариера.

Сепак, останува тенденцијата на појава на секундарен кариес на маргините на залевачите и покрај докажаните клинички придобивки од залевањето на јамичките и фисурите. Исто така, треба да се земе предвид слабата ретенција и маргиналното боење на залевачите. Причината поради која залевачите може да ја намалат инциденцата на појава на кариес е тоа што тие имаат висока способност за пенетрација и можат континуирано да ѝ се спротивстават на микропропустливоста.[47] Студиите покажуваат дека изложените емајлови површини кои се нагризувани со киселина, по отпаѓањето на залевачот, се повеќе подложни на бактериско оштетување споредено со

ненагризуваните емајлови површини.[48,49] Заштитата ќе продолжи сè додека материјалот кој е употребен како залевач останува припоен со емајлот.

**Мотив за изработка** на студијата е утврдување на ефикасноста и ефективноста на различни залевачи и различни методи за запечатување на фисури и јамички на оклузалните површини на бочните заби, преку детерминирање на нивната површинска адаптација, микропропустливост и пенетрација, во in vitro услови, како и ретенцијата, маргинална адаптација, промента на боја, површинската мазност/рапавост, присуство/отсуство на дентален кариес во in vivo услови за да се оцени нивната клиничка ефикасност во превенцијата на денталниот кариесот.

Залевањето на јамичките и фисурите се смета за многу важна постапка меѓу стратегиите за превенција или намалување на ризикот од кариес во почетните фази. Отука, говори кандидатот, за да дискутираме за идеален залевач, тој би требало да задоволува одредени критериуми, како што се: биокомпатибилноста, добрата ретенција и отсуството на микропропустливост. Интегрираната врска емајл-залевач и ретенцијата на залевачот ја детерминираат способноста за редукцијата на денталниот кариес и ефикасноста на материјалот кој бил употребен како залевач.

Студијата се состои од истражувања спроведени во in vitro и in vivo услови, при што **целта на истражување** е поставена да се спроведе компаративна анализа, во in vitro и во in vivo услови, на два различни материјала за залевање, композитот *Heliosal-F, Ivoclar Vivadent AG, Liechtenstein* и глас-јономер цементот *GC Fuji Triage, GC Corpration Tokyo, Japan*), при што се детерминираат:

- микропропустливоста, површинската адаптација и пенетрацијата во in vitro услови на заби кои се залеани со композитен залевач кај кои оклузалната површина била подготвена на конвенционален начин со 37 % ортофосфорна киселиа (*Heliosal-F, Ivoclar Vivadent AG, Liechtenstein*);
- микропропустливоста, површинската адаптација и пенетрацијата во in vitro услови на заби кои биле залеани со композитен залевач (*Heliosal-F, Ivoclar Vivadent AG, Liechtenstein*), но оклузалната површина ќе биде подготвена со зрачење со *Er: YAG ласер*;
- микропропустливоста, површинската адаптација и пенетрацијата во in vitro услови на заби кои биле залеани со гласјономерен залевач (*GC Fuji Triage, GC Corpration Tokyo, Japan*);
- разликата во степенот на микропропустливоста, површинската адаптација и пенетрацијата во in vitro во трите испитувани групи и востанови корелацијата меѓу нив;
- ретенцијата на залевачите, маргиналната адптација, промената на бојата, површинската мазност/рапавост и присуството/отсуство на дентален кариес во in vivo услови во три временски интервали, по 12, 24 и 36 месеци кај две групи на испитаници, во зависност од материјалот кој се употребувал за залевање на фисурите, композитниот или гласјономерниот залевач;
- разликата во степенот на испитуваните параметри во in vivo услови во трите временски интервали кај двете групи на испитаници и востанови корелацијата меѓу нив.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Подрачјето чиј предмет на истражување го содржи овој труд е актуелен. И покрај многуте истражувања што досега се направени, ваква опсежна студија

која ги опфаќа, збирно, сите параметри прикажани во оваа студија, кај нас е направена за прв пат.

Кандидатот истакнува дека и покрај бројните истражувања во доменот на превенцијата на денталниот кариес, и, воопшто, превентивната стоматологија, не може да се каже дека дилемите во однос на оваа проблематика се веќе решени. Дури и во овој век, денталниот кариес се смета како глобален товар, со сериозно влијание врз здравјето и квалитетот на животот на луѓето, говори кандидатот. И покрај регуларната орална хигиена и употребата на флуориди, една од најважните постапки во профилаксата на денталниот кариес е залевањето на јамичките и фисурите. Меѓутоа, брзиот прогрес на новите материјали заедно со новите методи за нивна апликација, создаваат нови дилеми за нивната коректна примена. Во развиените земји, денталниот кариес ја достигна кулминацијата во 19 и 20 век. Само широката употреба на флуориди во '70-тите години го намалил брзиот пораст на заболувањата на тврдите забни ткива. Сепак, забниот кариес е едно од најчестите орални заболувања, со сериозни последици, индивидулно за пациентот и општеството како медицински, социјален и економски проблем. Пациентот пати од болка, дисфункција на оралниот систем и намален квалитет на живот, додека општеството мора да ги сноси трошоците за лекување.

Денталниот кариес, главно, ги напаѓа оклузалните површини на премоларите и моларите во периодот на нивната ерупција. Од друга страна, кариесот на мазните површини на забите покажува значителен пад, најверојатно како резултат на пристапот до флуориди ширум светот. Во претходни студии, нецелосната постеруптивна матурација и присуството на тесни и длабоки фисури се означени како фактори кои ја зголемуваат осетливоста на забната оклузалната површина кон денталниот кариес. Меѓутоа, оваа теорија е доведена во прашање.

Очигледно објаснување за појавата на денталниот кариес на оклузалните површини е присуството на денталниот плак, кој може да созрее непречено во јамичките и фисурите при ерупција на забите; како резултат, емајлот се раствора од континуираните напади на киселина. Ова го објаснува фактот за неефикасноста на флуоридите во системот на јамичките и фисурите во споредба со нивната ефикасност на мазните забни површини. Флуоридите може ефикасно да ја инхибираат деминерализацијата, да ја унапредат реминерализацијата и, истовремено, да го превенираат делувањето на кариогените бактерии и нивниот метаболизам. Сепак, флуоридите мора да дејствуваат локално, што не е секогаш можно кај јамичките и фисурите.

Епидемиолошка студија во која биле истражувани податоци од 2011 до 2012 година бележи дека намалувањето на оклузалниот криес не држело чекор со намалувањето на денталниот кариес на мазните површини. Авторите претпоставувале дека превентивните интервенции, како што се додавањето флуориди во водата за пиење или пастите за заби, како и апликацијата на топикални флуориди, поефикасно го редуцира кариесот на мазните површини отколку во јамичките и фисурите.

Неспорни пристапи за спречување на денталниот кариес се: редовната орална хигиена со флуоридни пасти за заби или пасти со реминерализирачки средства, намалување на конзумирањето на кариогена храна, како и локална, системска флуоризација или комбинирана, врз основа на индивидуален кариес ризик. За анатомски чувствителните делови на забите како што се јамичките и фисурите постои дополнителен пристап, а тоа е примената на методата на залевање на фисурите и јамичките.

Идејата за залевање на јамичките и фисурите се популаризира од 1960' години. Залевањето на оклузалната површина создава физичка бариера што ја блокира исхраната на биофилмот и, како резултат, го инхибира растот на биофилмот. Значи употребата на залевачот е едноставно физичко решение на проблемот додека флуоридите ја инхибираат деминерализацијата, промовираат реминерализација, и превенираат создавање киселина од бактериите во плакот. Бројни истражувања објавиле за значајната придобивка на смолестите залевачи во споредба со флуоридните лакови. Ефикасноста на смолестите материјали за залевање е неспорна и докажана во многу студии. Една студија дури покажала дека задоцнетата апликација на фисурниот залевач за околу една година веќе довела до значително зголемување на кариес-фреквенцата. Сепак, ефикасноста зависи од цврстото и соодветно затворање на фисурниот систем на оклузалните површини на бочните заби.

**Краток опис на применетите методи**

Во студијата се опишани протоколот на работа и истражувањата со методологија која е реализирана на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје, Факултетот за медицински науки, Лабораторијата за подготовка на микроскопски примероци при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и во Приватната стоматолошка ординација „Д-р Либурн” во Тетово.

Во поглавјето **Материјал и методологија,** опишан е дизајнот на студијата кој соодветствува со поставените цели. Студијата се состои од истражувања спроведени во in vitro и in vivo услови, експериментален и клинички дел.

За реализација на целите од in vitro експерименталниот дел на оваа дисертација биле користеа 60 екстрахирани интактни премолари и молари, без какви било присутни структурни аномалии, со ортодонтска индикација за екстракција, поделени во три групи. Првата група ја сочинувале заби кои биле залеани со композитен залевач кај кои оклузалната површина беше подготвена на конвенционален начин со 37 % ортофосфорна киселина (*Heliosal-F, Ivoclar Vivadent AG, Liechtenstein*), втората група, заби кои биле залеани со композитен залевач (*Heliosal-F, Ivoclar Vivadent AG, Liechtenstein*), но оклузалната површина се подготвувала со зрачење со *Er: YAG ласер* и третата група, заби кои биле залеани со гласјономерен залевач (*GC Fuji Triage, GC Corpration Tokyo, Japan*).

Забите се сечеле во пределот на вратот и се затворале со црвен восок со цел да не дојде до навлегување на бојата. Целата забна површина се обложувала со лак за нокти со исклучок на 1 мм прозорче околу маргините на залевачот. Забите се оставале 24 часа во 2 % р-р метиленско плаво по што следувало нивно интензивно испирање со млаз од вода.

Дијамантен диск бил употребуван за да се направат три буко-лингвални секции. Бинокуларен микроскоп модел: XSZ-107BN бил употребен за оценување на микропропустливоста и способноста за пенетрација на залевачот.

За оценување на способноста за адаптација на залевачот бил употребен SEM - скенинг електронски микроскоп - модел TECAN, VEGA3LMU, кој е вид на електронски микроскоп кој произведува слики од примероци со скенирање на површината со фокусиран зрак на електрони.

За евалуација на содржината на хемиските елементи бил употребен EDS - енергетска дисперзивна спектроскопија - техника за детекција на хемиски елементи под зрак на SEM, со помош на 10 mm² SDD-детектор, кој ги конвертира X-зраците емитирани од атомите во електронски сигнали.

Пенетрацијата на залевачот во фисурите била детерминирана на две нивоа, како што е опишано од страна на Навин Н.К., при што: **0** – пенетрација на залевачот до дното на фисурата и **1** – некомплетна пенетрација на залевачот.

За реализација на целите од клиничкиот дел биле третирани 60 деца на возраст од 6 до 13 години, кај кои биле залеани првиот и вториот перманентен молар, поделени на две групи зависно од материјалот кој се употребувал за залевање на фисурите, во временски период од 12, 24 и 36 месеци следејќи ги изменетите критериуми на Ryge[52] за ретенцијата на залевачите, маргиналната адаптација, промената на бојата, површинската мазност/рапавост и присуството/отсуството на дентален кариес.

**Статистичката обработка** и анализа на податоците е направена во статистичкиот програм SPSS for Windows 23,0.

**Резултатите** од презентираната студија се прикажани табеларно и со графикони, кои го олеснуваат нивното следење, и се прецизно опишани. Авторот истакнува дека резултатите покажале дека споредбата на трите групи во однос на микропропустливоста не покажала статистичка сигнификантна разлика во микропропустливоста меѓу примероците од првата и втора група (p=0.865), и меѓу првата и трета група (p=0.13), додека разликата меѓу втората и трета група се потврдила како статистички сигнификантна (p=0.023). Способноста за пенетрација не се разликува сигнификантно меѓу трите анализирани групи (вредност на p=0.42 за компарација меѓу примероците залеани со композитен залевач, p=0.33 за компарација меѓу примероците залеани со композитен залевач и нагризувани 37% ортофосфорна киселина и примероците залеани со гласјономерен залевач, и вредност на p=0.74 за компарација меѓу примероците залеани со композитен залевач ласерски третирани и примероците залеани со гласјономерен залевач). Резултатите покажале дека двете групи примероци со композитен залевач имале слична способност за адаптација, односно статистичка разлика не била потврдена меѓу овие две групи. Разликата, пак, меѓу двете групи со композитен залевач во однос на групата со гласјономерен залевач била статистички сигнификантна. Во првата група, резултатите од статистичката анализа потврдиле сигнификантна разлика во степенот на пенетрација на залевачот во фисурите, во зависност од формата на фисурата. Статистички сигнификантна разлика била најдена во степенот на пенетрација на залевачот во фисурите, а во зависност од формата на фисурата кај забите од втората група. Резултатите од статистичката анализа покажале дека формата на фисурата на примероците од третата група немале сигнификантно влијание на способноста за пенетрација.

Тестираната разлика меѓу двете анализирани групи, во однос на степенот на ретенција во крајот на опсервациониот период, била сигнификантна. Видот на користен залевач имал сигнификантно влијание на неговата ретенција, при што композитниот залевач демонстрирал значајно подобри резултати од гласјономерниот залевач, од аспект на ретенцијата. И во третата временска точка, по 36 месеци од залевањето, забите со композитен залевач имале сигнификантно подобра маргинална адаптација, споредено со забите залеани со гласјономерен залевач. Добиените разлики во вклопувањето на бојата во зависност од користениот залевач не биле доволни да се потврдат и статистички како сигнификантни, во сите периоди на опсервација. Статистички сигнификантна разлика се потврдила во површинската мазност на забите, во зависност од користениот материјал за залевање, и по 36 месеци, односно на крајот на периодот на следење. Значајно подобри резултати од аспект на површинска мазност на крајот на следењето било регистрирано во групата на

заби кај кои бил користен композитен залевач. Во целиот период на следење не биле регистрирни заби со појава на дентален кариес во групата со композитен залевач, додека во групата со гласјономерен залевач, кај 2 деца по 12 и 24 месеци, и 3 заби по 36 месеци од залевањето на забите, бил детектиран заб со присутен кариес. Но, почестиот наод на кариес при користење на гласјономерен залевач не бил потврден статистички како сигнификантен, во целиот опсервационен период.

**Дискусијата** содржи анализа на добиените резултати, коментари и споредба со веќе објавени резултати во светската литература од таа област. Од трудот се изведени десет конкретни заклучоци, наведени во посебни точки, кои произлегуваат од поставените цели и добиените резултати.

**Заклучните согледувања** содржат неколку значајни размислувања кои се резултат на добиените податоци од овој труд, а се однесуваат на фактот дека врз основа на анализата на добиените резултати, кандидатот заклучува дека композитниот материјал за залевање покажал повисока способност на маргинална адаптација, понизок степен на маргинална пропустливост и послаба пенетрација на залевачот во фисурата споредена со гласјономерниот залевач. Фисурите во U-форма демонстрирале подобра пенетрација на залевачот во споредба со Y или V- формите на фисури. Примената на *Er: YAG-ласерот* во препарацијата на фисурите покажа низок степен на микропропустливост, поцврста површинска адаптација и задоволително ниво на пенетрација на залевачот. Композитниот залевач покажал повисока ретенција, подобра маргинална адаптација и подобра површинска мазност на контролните испитувања во споредба со гласјономерниот залевач. Од аспект на вклопувањето на бојата и појавата на дентален кариес, двата материјала покажале задоволителни резултати. Иако гласјономерниот залевач покажал послаба ретенција, пониска способност на адаптација и поголема маргинална пропустливост, познавајќи ги извонредните особини на флуор ослободување на глас-јономер цементите, наведува кандидатот, дека двата материјала може да бидат препорачани како материјали за избор во постапките на залевање на фисурите.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Либурн Куртиши, со наслов „Површинска адаптација, микропропустливост и клиничка ефикасност на различни материјали употребени како залевачи”, претставува истражување во стоматолошките науки – област: детска и превентивна стоматологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација и параметрите кои се вклучени во испитувањето можат да дадат научен придонес во подготвувањето на стратегиите за промоција на оралните заболувања, целокупната клиничка процена во секојдневната стоматолошка пракса и изработката на соодветен протокол за работа.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Либурн Куртиши, со наслов „Површинска адаптација, микропропустливост и клиничка ефикасност на различни материјали употребени како залевачи”, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на ваков труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, во текот на истражувањето и подготовката на докторскиот труд за одбрана, ги објавил, како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Kurtisi L., Jankulovska M., Pavlevska M., Georgievska E., Sotirovska Ivkovska A., Kokoceva Ivanovska O., Jankulovska S. M. PENETRATION ABILITY AND MICROLEAKAGE ASSESSMENT OF TWO DIFFERENT MATERIALS USED AS FISSURE SEALANTS. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2020; 43 (1): 19-26. UDC: 616.314-002-084.

2. Liburn Kurtiši, Mira Jankulovska, Meri Pavlevska, Elizabeta Gorgievska, Ana Sotirovska Ivkovska, Sonja Apostolska, Vasilka Rendžova, Vesna Ambarkova, Marija Jankulovska. Microleakage assessment of a resin based sealant after acid etching and Er: YAG laser treatment – an in vitro study. Serbian Dental Journal, vol. 66, No 3, 2019. DOI: 10.2478/sdj-2019-0014, UDC: 616.314-002-083(497.16).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација поднесена од кандидатот д-р Либурн Куртиши, со наслов „Површинска адаптација, микропропустливост и клиничка ефикасност на различни материјали употребени како залевачи”, според сите критериуми за ваков вид на труд, како што се содржината, предметот на истражување и поставените цели, во целост ги исполнува критериумите за ваков вид научно истражување.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација и параметрите кои се вклучени во испитувањето можат да дадат **научен придонес** во подготвувањето на стратегиите за промоција на оралните заболувања, целокупната клиничка процена во секојдневната стоматолошка пракса и изработката на соодветен протокол за работа.

**Подрачје на примена и ограничувања се**:

стоматологија – област: детска и превентивна стоматологија.

**Можни понатамошни истражувања** се: истражувања кои би оделе во правец на дополнителни клинички студии за да се разјасни превентивниот ефект на примената на методата на залевање на фисурите и јамичките.

Со оглед на наведеното, Рецензентската комисија им предлага на Наставно-научниот совет и на Советот на студиската програма за трет циклус студии –докторски студии на УКИМ, Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка на трудот и да даде согласност за понатамошен тек на постапката за одбрана на докторската дисертација, со наслов: „Површинска адаптација, микропропустливост и клиничка ефикасност на различни материјали употребени како залевачи” од кандидатот д-р Либурн Куртиши.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Мира Јанкуловска (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Марија Стевановиќ (член), с.р.**
**Проф. д-р Александар Димков (член), с.р.**
**Проф. д-р Ивона Ковачевска (член), с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**На тема за изработка на магистерски труд прифатен од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 11. 02. 2021 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Маја Петревска | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** “Евалуација на микропропустливоста кај II класа композитни реставрации” -bulk fill наспроти конвенционална метода- in vitro studija<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** “Comparative evaluation of microleakage in class II cavites restored with bulk fill and conventional coposites in vitro study”. | Проф. д-р Соња Апостолска | Бр. 02-364/1 Од 11.02.2021 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ: „ДИГИТАЛНИ СИСТЕМИ НА АВТОМАТСКО УПРАВУВАЊЕ“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЛАЗАРЕВСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), на својата редовна седница одржана на 23.12.2020 год., донесе Одлука заведена под број 02-1854/32, за избор на двајца рецензенти за рецензирање на материјалот за учебник под наслов: **Дигитални системи на автоматско управување** од авторката проф. д-р Елизабета Лазаревска.

Со оваа Одлука, за рецензенти се одредени: вонр. проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска и доц. д-р Горјан Нацински. Секој од рецензентите, според Одлуката, треба да напише рецензија за трудот, која се состои од заеднички дел и посебен дел, и да ја достави до Наставно-научниот совет на ФЕИТ во рок од 2 месеца од денот кога Одлуката им е доставена на рецензентите.

По прегледот на доставениот материјал за учебник под наслов: **Дигитални системи на автоматско управување**, јас, вонр. проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

А. Заеднички дел на рецензијата:

- Назив на учебникот: **„Дигитални системи на автоматско управување“.**
- Назив на предметната програма на која се однесува учебникот: **Теорија на автоматско управување 2.**
- Назив на студиската програма на која и припаѓа предметот: **Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР).**
- Фонд на часови настава и ЕКТС-кредити: **фонд на часови 2+2+1, ЕКТС-кредити: 6.**
- Име и презиме на авторот: **проф. д-р Елизабета Лазаревска.**
- Време и акт на изборот на рецензентите: **Одлука на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, донесена на седницата одржана на 23 декември 2020 година, заведена под број 02-1854/32.**
- Издание: **прво издание.**
- Општи податоци за учебникот: **Текстот на поднесениот ракопис за учебник е кириличен, подготвен на компјутер, содржи 422 нумерирани страници А-4 формат. Трудот има содржина во која се наведени осум нумерирани наслови (заглавија), во кои се обработува предметната материја, и Литература.**

Б. Посебен дел на рецензијата од вонр. проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска

- Краток опис на содржината:

Материјалот за учебник под наслов: **Дигитални системи на автоматско управување** ги содржи следните тематски целини:

1. Вовед
2. Математички апарат за анализа на дискретните системи
3. Z-трансформација
4. Математички модели на линеарните дискретни системи
5. Стабилност на линеарните дискретни системи
6. Поведение на линеарните дискретни системи на автоматско управување
7. Анализа на дискретните системи на автоматско управување со методот на геометриско место на корени
8. Анализа на дискретните системи во просторот на состојби

Додаток 1. Z-трансформациски парови

Додаток 2. Алгебра на блок-шемите кај линеарните дискретни системи

Додаток 3. Дискретно еквивалентирање на континуални системи

Литература

**- Оцена дали учебникот е во согласност со предметната програма:**

Поднесениот материјал за учебник под наслов: „Дигитални системи на автоматско управување” е наменет за предавања по предметот Теорија на автоматско управување 2, кој го слушаат студентите на ФЕИТ на студиската програма Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР). Исто така, предметот Теорија на автоматско управување 2 можат да го бираат како изборен предмет студентите од другите насоки на ФЕИТ, како и од останатите факултети на УКИМ.

Компарирајќи ја содржината на поднесениот материјал за учебник со предметната програма по предметот Теорија на автоматско управување 2, може да се заклучи дека поголемиот дел од програмата за предавања по овој предмет е покриен со учебникот. Во таа насока, овој учебник може добро да послужи за совладување на поголем дел од градивото за предавања по предметот Теорија на автоматско управување 2.

**- Оцена на поднесениот материјал за учебник:**

Авторката на материјалот за учебник, проф. д-р Елизабета Лазаревска, како наставник по предметот Теорија на автоматско управување 2, го изработила овој учебник како резултат на подготовките за предавања по овој предмет.

Стилот на пишување е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои е наменет учебникот. Обработените изложени градива, со тежина соодветна на додипломски студии, се квалитетно обработени, при што, покрај текстуалниот дел, формули и слично, дадени се неопходни објаснувања, соодветни слики и графички прикази, со што се подобрува разбирливоста и квалитетот на материјалот. Дополнително, во секоја глава, градивото е испреплетено со соодветен број на примери со кои материјалот станува уште појасен и поразбирлив.

Голем дел од градивото кое е тука изложено, покрај за предавања по предметот Теорија на автоматско управување 2, може да им послужи и на сите останати студенти на ФЕИТ (или пошироко на други технички факултети на УКИМ, како и на останатите универзитети во Република Македонија каде што се негуваат наведените наставни дисциплини) кои го изучуваат или се сретнуваат со проблеми од подрачјето на дискретните системи на автоматско управување. Несомнено, корисни примери и информации во учебникот ќе најдат и сите оние кои веќе работат во областа на дискретните системи на автоматско управување или само се интересираат за неа.

**- Категоризација:**

учебник.

**- Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот:**

Материјалот за учебник под наслов: „Дигитални системи на автоматско управување“ од проф. д-р Елизабета Лазаревска може да се користи во наставата на ФЕИТ по предметот Теорија на автоматско управување 2, како и во наставата по други сродни предмети на ФЕИТ, или други сродни предмети на други факултети на универзитетите во Република Македонија.

Стилот на пишување е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои е наменет учебникот. Градивото е квалитетно обработено, преку текстуален дел, формули и графички прикази, а воедно содржи и доволен број решени примери за дополнителна илустрација на презентираниот материјал.

Како причина за објавување на учебникот, покрај потребите за предавања по предметот Теорија на автоматско управување 2, може да се истакне и фактот дека оваа проблематика е многу малку застапена во постојната техничка литература на македонски јазик. Со тоа, учебникот би ја збогатило постојната литература на македонски јазик во рамките на обработуваната тематика.

Поаѓајќи од горенаведените факти, и од фактот дека издавањето на учебникот е во надлежност на Универзитетот, потребно е материјалот да биде квалитетно изработен, како во стручна, така и во техничка и методолошка смисла. Затоа, ѝ се предлага на авторката да ги

прегледа забелешките и предлозите кои ѝ се доставени, и да ги направи потребните корекции на текстот.

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство можам да предложам доставениот материјал под наслов: „Дигитални системи на автоматско управување” од авторката проф. д-р Елизабета Лазаревска, по отклонувањето на дадените забелешки и по извршеното лекторирање, да се издаде како учебник за студентите на насоката компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР) на ФЕИТ, како и за поширока употреба за други предмети на ФЕИТ и на други факултети на универзитетите во Република Македонија.

**- Предлози за потребни корекции:**

При прегледот на материјалот воочени се одредени грешки со чија корекција ќе се подобри квалитетот на учебникот. Забелешките на текстот, воочените грешки кои се од технички и методолошки карактер, како и останатите предлози за потребни корекции, се нотирани во добиениот материјал и ѝ се соопштени на авторката во посебна форма.

Скопје, 22.2.2021

**Рецензент**

**Вонр. проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ:**
**„ДИГИТАЛНИ СИСТЕМИ НА АВТОМАТСКО УПРАВУВАЊЕ“**
**ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЛАЗАРЕВСКА**

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), на својата редовна седница одржана на 23.12.2020 год., донесе Одлука заведена под број 02-1854/32, за избор на двајца рецензенти за рецензирање на материјалот за учебник под наслов: **Дигитални системи на автоматско управување** од авторката проф. д-р Елизабета Лазаревска.

Со оваа Одлука, за рецензенти се одредени вонр. проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска и доц. д-р Горјан Нацински. Секој од рецензентите, според Одлуката, треба да напише рецензија за трудот, која се состои од заеднички дел и посебен дел, и да ја достави до Наставно-научниот совет на ФЕИТ во рок од 2 месеца од денот кога Одлуката им е доставена на рецензентите.

По прегледот на доставениот материјал за учебникот под наслов: **Дигитални системи на автоматско управување**, јас, доц. д-р Горјан Нацински, во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

А. Заеднички дел на рецензијата:

- Назив на учебникот: **„Дигитални системи на автоматско управување“.**
- Назив на предметната програма на која се однесува учебник: **Теорија на автоматско управување 2.**
- Назив на студиската програма на која ѝ припаѓа предметот: **Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР).**
- Фонд на часови настава и ЕКТС-кредити: **фонд на часови 2+2+1, ЕКТС-кредити: 6.**
- Име и презиме на авторот: **проф. д-р Елизабета Лазаревска.**
- Време и акт на изборот на рецензентите: **Одлука на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, донесена на седницата одржана на 23 декември 2020 година, заведена под број 02-1854/32.**
- Издание: **прво издание.**
- Општи податоци за учебникот: **Текстот на поднесениот ракопис за учебник е кириличен, подготвен на компјутер, содржи 422 нумерирани страници А-4 формат. Трудот има содржина во која се наведени осум нумерирани наслови (заглавија) во кои се обработува предметната материја, три додатоци и Литература.**

Б. Посебен дел на рецензијата од доц. д-р Горјан Нацински

- Краток опис на содржината:

Материјалот за учебникот под наслов: **Дигитални системи на автоматско управување** ги содржи следниве тематски целини:

1. Вовед
2. Математички апарат за анализа на дискретните системи
3. Z-трансформација
4. Математички модели на линеарните дискретни системи
5. Стабилност на линеарните дискретни системи
6. Поведение на линеарните дискретни системи на автоматско управување
7. Анализа на дискретните системи на автоматско управување со методот на геометриско место на корени
8. Анализа на дискретните системи во просторот на состојби

Додаток 1. Z-трансформациски парови

Додаток 2. Алгебра на блок-шемите кај линеарните дискретни системи
Додаток 3. Дискретно еквивалентирање на континуални системи
Литература

**- Оцена дали учебникот е во согласност со предметната програма:**

Поднесениот материјал за учебник под наслов: „Дигитални системи на автоматско управување” е наменет за наставата по предметот Теорија на автоматско управување 2, кој го слушаат студентите на ФЕИТ на студиската програма Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР). Предметот можат да го бираат како изборен предмет студентите од другите насоки на ФЕИТ, како и од останатите факултети на УКИМ.

Со споредување на содржината на материјалот поднесен за овој учебник со предметната програма по предметот Теорија на автоматско управување 2, може да се увиди дека сите суштински теми од основите на дискретните системи на автоматско управување се темелно покриени и изложени во него. Според тоа, овој учебник може целосно да се користи при изведувањето на настава по соодветниот предмет.

**- Оцена на поднесениот материјал за учебник:**

Овој учебник е произлезен како резултат на долгогодишното искуство и работа во областа на дискретните системи на автоматско управување од страна на авторката на материјалот, проф. д-р Елизабета Лазаревска, која е и наставник на ФЕИТ по соодветниот предмет на кој овој материјал се однесува.

Стилот на пишување на учебникот е лесен за разбирање од страна на студентите за кои е наменет. Теоријата, и покрај нејзината повремена сложеност, е изложена на разбирлив начин, равенките, теоремите и математичките модели се изведени и објаснети постепено и детално, и сето тоа е збогатено и со јасни и ефектни слики и симулации кои даваат и визуелна поткрепа на обработениот материјал. Секоја тема е покриена и со доволен број на примери и на задачи кои имаат различна тежина и се соодветно одбрани за квалитетно и целосно да ги обработат сите релевантни области.

Голем дел од материјалот изложен во учебникот, покрај за наставата по предметот Теорија на автоматско управување 2, може да им послужи и на сите останати студенти на ФЕИТ (или на другите технички факултети на УКИМ, како и на останатите универзитети во државата) кои изучуваат или се интересираат за проблеми од дискретните системи на автоматско управување.

**- Категоризација:**

учебник.

**- Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот:**

Материјалот за учебникот под наслов: „Дигитални системи на автоматско управување“ од проф. д-р Елизабета Лазаревска може да се користи во наставата на ФЕИТ по предметот Теорија на автоматско управување 2, како и во наставата по други сродни предмети на ФЕИТ, или други сродни предмети на други технички факултети на универзитетите во државата.

Стилот на пишување е јасен и разбирлив за студентите за кои учебникот е наменет, а поднесениот материјал на детален и прецизен начин ги изведува и ги презентира основите на дискретните системи на автоматско управување, што не е едноставна задача со оглед на сложеноста, но и важноста на оваа област како темел на модерната наука за автоматско управување. Сето ова е комплементирано и со голем број на решени примери и задачи, како и со дијаграми и слики кои овозможуваат ефикасна визуелизација на проблемите и решенијата, која е неопходна при совладувањето и целосното разбирање на основите на една ваква техничка материја.

Како дополнителна причина за објавување на учебникот може да се истакне и фактот дека автоматиката, како фундаментална област на која се базирани многу други теми и области како

индустриската автоматика, роботиката и вештачката интелигенција кои на глобално ниво веќе одамна привлекуваат голем интерес и се неизоставни делови од модерната наука, техника и индустрија, за жал не е доволно застапена во постојната техничка литература на македонски јазик. Поради тоа, овој учебник би ја збогатил постојната литература на македонски јазик во рамките на оваа област.

Поаѓајќи од горенаведените факти, и од фактот дека издавањето на учебникот е во надлежност на Универзитетот, потребно е материјалот да биде квалитетно изработен од стручна и од техничко-методолошка смисла, па од таа причина ѝ се предлага на авторката да ги прегледа забелешките и предлозите кои ѝ се доставени и да ги направи потребните корекции на текстот во согласност со нив.

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство можам да предложам доставениот материјал под наслов: „Дигитални системи на автоматско управување” од авторката проф. д-р Елизабета Лазаревска, по отклонувањето на дадените забелешки и по извршеното лекторирање, да се издаде како учебник за студентите на насоката компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР) на ФЕИТ, како и за поширока употреба за други предмети на ФЕИТ и на други факултети на универзитетите во Република Северна Македонија.

**- Предлози за потребни корекции:**

При прегледот на материјалот воочени се одредени грешки со чија корекција ќе се подобри квалитетот на учебникот. Сите забелешки на текстот, воочени грешки од техничка или суштинска природа, како и други сугестии за потребни корекции, се нотирани во добиениот материјал и ѝ се соопштени директно на авторката во посебна форма.

Скопје, 22.2.2021

**Рецензент**

**Доц. д-р Горјан Наџински, с.р.**
**доц. д-р Горјан Наџински**

**ПРЕГЛЕД**
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**февруари 2021**)
на Факултетот за електротехника и информациски технологии

### 1. Метрологија и менаџмент на квалитет

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Милица Аризанова*** | Постапка за мониторинг на храна третирана со јонизирачко зрачење во акредитирана лабораторија | Monitoring procedure for irradiated food in accredited laboratory | Проф. д-р Христина Спасевска | 02-283/16 од 24.2.2021 |
| 2 | ***Александра Ѓорѓиевска*** | Анализа и примена на акустични микрофони во автомобилската индустрија | Analysis and applications of acoustic microphones in the automotive industry | Вонр. проф. д-р Маре Србиновска | 02-283/17 од 24.2.2021 |

### 2. Проектен менаџмент

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Симона Наумовска*** | Фотоволтаична централа со ориентација на модулите кон исток и запад | Photovoltaic power plant with East-West module orientation | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-283/18 од 24.2.2021 |
| 2 | ***Тамара Соколовска*** | Дигитален проектен менаџмент во современи бизнис проекти со фокус на е-маркетинг и UX дизајн” | Digital project management in modern business projects with a focus on e-marketing and UX design | Проф. д-р Вангел Фуштиќ | 02-283/19 од 24.2.2021 |
| 3 | ***Александра Митрев*** | Регулативи за заштита од електромагнетно зрачење и бучава кај технички проектни решенија | Regulations for protection from electromagnetic radiation and noise in technical design solutions | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-283/21 од 24.2.2021 |

3. **Обновливи извори на енергија**

| ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Божан Тодоров*** | Проценка на трошоците и перформансите на интегрирани системи за производство на електрична енергија од биомаса преку компаративна анализа на техноекономските параметри | Assessment of the costs and performances of integrated biomass systems for electricity generation through comparative analysis of techno-economic parameters | Проф. д-р Маргарита Гиновска | 02-283/22 од 24.2.2021 |
| 2 | ***Стојан Спасевски*** | Примена на платформа за информациско моделирање на објекти со имплементација на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност во административно-деловни згради | Building information modeling application with implementation of renewable energy sources and energy efficiency in business-administrative buildings | Проф. д-р Влатко Стоилков | 02-283/23 од 24.2.2021 |
| 3 | ***Стефанија Ефремова*** | Оперативност и функционалност на ЕЕС со конвенционални производни единици и технологии на ОИЕ | Operation and functionality of the Power system with conventional power plants and renewable generation units | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-283/24 од 24.2.2021 |
| 4 | ***Тина Манолева*** | Примена на информациско моделирање на објекти за имплементација на бифацијални фотоволтаични модули | Application of Building Information Modeling for implementing bifacial photovoltaic modules | Проф. д-р Христина Спасевска | 02-283/25 од 24.2.2021 |
| 5 | ***Христо Никодиновски*** | Компаративна анализа на методите за предвидување на произведената електрична енергија од фотоволтаични системи со | Comparative analysis of the methods for forecasting the electricity produced by photovoltaic systems with | Проф. д-р Христина Спасевска | 02-283/26 од 24.2.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | различни технологии | different technologies | | |
| 6 | ***Сандра Јосифовска*** | Техники на вештачка интелегенција за прогнозирање на производство на електрична енергија од ФВ системи | Artificial intelligence techniques for forecasting of PV systems electricity production | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-283/27 од 24.2.2021 |
| 7 | ***Деспина Трајковска*** | Надградба на постојни централи што користат ОИЕ со батериски систем за складирање на електрична енергија | Upgrading of existing RES Power Plants with Utility-Scale Battery Storage System | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-283/28 од 24.2.2021 |
| 8 | ***Петрит Латифи*** | Моделирање и анализа на карактеристиките на енергетски преобразувачи применети во современи енергетски мрежи | Modeling and analysis of the characteristics of energy converters applied in modern energy networks | Проф. д-р Гога Цветковски | 02-283/29 од 24.2.2021 |
| 9 | ***Катерина Стафилова*** | Зголемување на доверливоста при снабдување со електрична енергија на стопански субјект во рурална населба со примена на фотоволтаичен систем | Increasing the trustworthiness in electrical energy supply of a agricultural facility in a rural area by applying a photovoltaic system | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-283/30 од 24.2.2021 |
| 10 | ***Ана Јованоска*** | Прогноза на производство на електрична енергија од ФВ системи и влијание врз приликите во електроенергетските системи | Forecast for production of electricity from PV systems and impact on the power system | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-283/31 од 24.2.2021 |

**4. Применета математика и актуарство**

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Јана Ѓеорѓиевска*** | Анализа на метеоролошки деривати | Analysis of weather derivatives | проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска | 02-283/32 од 24.2.2021 |

5. **Компјутерски мрежи - Интернет на нешта**

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Веле Павловски*** | Миграција на апликација од видот софтвер-како услуга од еднокорисничка во повеќекорисничка околина на SAP платформа за работа во облак | Migration of single-tenant to multi-tenant SaaS application on SAP Cloud Platform | Вон. проф. д-р Марија Календар | 02-283/33 од 24.2.2021 |

6. **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Владимир Јошевски | Стратегиски опции за трансформација на јавна облак инфраструктура во приватна облак инфраструктура | Strategic options for transforming public cloud infrastructure into private cloud infrastructure | Проф. д-р Владимир Атанасовски | 02-283/34 од 24.2.2021 |

7. **Дигитално процесирање на сигнали**

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ***Александар Зиси*** | Хардверска платформа за далечинско мониторирање на пчелни семејства | Hardware platform for remote beehive monitoring | проф. д-р Димитар Ташковски | 02-283/35 од 24.2.2021 |

8. **Електроенергетика**

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | Број на одлука ННС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Ивона Ефремова*** | Експлоатација на ветерни електрични централи интегрирани во автономен хибриден енергетски систем | Operation of wind power plants integrated in a stand-alone hybrid energy system | Вон. проф. д-р Софија Николова - Поцева | 02-283/36од 24.2.2021 |
| 2 | ***Бојан Николовски*** | Превентивно одржување и планирање на развојот на ЕЕС со осврт и имплементација на мрежните правила од страна на АД МЕПСО | Preventive maintenance and planning of the development of the power system with review and implementation of the network rules by AD MEPSO | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-283/37 од 24.2.2021 |

Прилог бр. 2

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТИТЕ (ДИСЦИПЛИНИ): ДИРИГИРАЊЕ И КОМПОЗИЦИЈА (КОМПОЗИЦИЈА) (60909), ХАРМОНИЈА И ПОЛИФОНИЈА СО АНАЛИЗА (60908) И МУЗИЧКИ ФОРМИ СО АНАЛИЗА (60907) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 3.12.2020 година, според член 176 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 26, став (2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и 426/19), за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет бр. 02-659/1, донесена на електронската седница одржана на 23.12.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. Стојан Стојков, проф. Живоин Глишиќ и проф. м-р Сашо Татарчевски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909), во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Сони Петровски, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

### 1 . Биографски податоци и образование

Кандидатот Сони Петросвки е роден 1977 година во Сиднеј, Австралија. Средно музичко училиште завршил во Битола, а дипломирал на Одделот за композиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Гоце Коларовски. Магистрирал на ФМУ, во класата на проф. Јана Андреевска. Посетувал семинари кај реномирани композитори во Македонија и во странство, меѓу кои: Brian Fernheyhough, Krzystof Meyer, Faradj Karaev, John Woolrich, Pierre Allain Jaffrennou, Eric Gaudibert и други.

Од 1999 е член на Сојузот на композиторите на Македонија - СОКОМ. Од 2001 година работи како асистент на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Бил уметнички раководител на фестивалот „Денови на македонска музика“ од 2003 до 2005. Од периодот 2012 – 2018 бил претседател на Сојузот на композиторите на Македонија – СОКОМ. Од 2016 е претседател на Центарот на музикологија – ЦЕМ. Од 1998 до 2006 година бил основач и уметнички раководител на Ансамблот за современа музика „Алеа“, со кој остварил бројни настапи во Македонија и во странство, промовирајќи ја современата македонска и светска музика. Во повеќе прилики бил поддржан од СОРОС да ја претставува Македонија на меѓународни фестивали за современа музика во Украина, Полска, Азербејџан и Германија. Од 2016 до 2017 бил уметнички директор на Операта при Националната установа Македонска опера и балет.

Автор е на повеќе од 120 оригинални композиции и обработки во речиси сите жанрови. Операта „Леандар и Косара“, мјузиклот „Тајно моја“, симфониски, концертантни, камерни, вокални, хорски и солистички дела. Неговите дела се изведувани во Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Словенија, Франција, Унгарија, Австрија,

Италија, Германија, Норвешка, Полска, Русија, Украина, Данска, Холандија, Шпанија, Израел, Велика Британија, Кина, САД, Нов Зеланд и Канада.

Неговите дела се издадени на носачи на звук од СОКОМ, Музичка младина на Македонија, Трио Интерарт, City Records, Hit Records, Hi-Fi Centar.

Во 2009 е добитник на наградата „Панче Пешев“ за композицијата “Зодијак“, доделена од Сојузот на композиторите на Македонија – СОКОМ.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1108 од 1.10.2015 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**[1]. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност, кандидатот м-р Сони Петровски, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје, изведува настава на прв и втор циклус студии по предмети од областите композиција, хармонија со анализа и музички форми со анализа: Композиција, Музички форми со анализа, Хармонска анализа, Оркестрација, Полифона композиција, Вокална полифонија, Инструментална полифонија, Нотографија, Основи на аранжирање и оркестрарија, Музички инструменти и основи на оркестрација. Кандидатот бил ментор на 1 дипломски труд.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 3 дипломски и на 1 докторски труд.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

2015:

– Си заљубив едно моме (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Ленка Пингова, за сопран (Песни од срцата), бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Што да правам, што да чинам (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Невеста жито требеше (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Кажи Анѓо (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Назад, назад, Калино моме (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар(Македонска филхармонија, Скопје)

– Кажи Анѓо (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Дејгиди, луди млади години (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Стојне, бре, Стојне (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Нели ти реков, моме Донке (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

– Пијан танец за симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Скопје)

2016:

– Си заљубив едно моме (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)

– Ленка Пингова, за сопран (Песни од срцата), бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Што да правам, што да чинам (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Невеста жито требеше (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Кажи Анѓо (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Назад, назад, Калино моме (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Кажи Анѓо (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Дејгиди, луди млади години (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Стојне, бре, Стојне (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Нели ти реков, моме Донке (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Пијан танец за симфониски оркестар (Охридско лето, Македонска филхармонија, Охрид)
– Си заљубив едно моме (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Ленка Пингова, за сопран (Песни од срцата), бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Што да правам, што да чинам (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Невеста жито требеше (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Кажи Анѓо (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Назад, назад, Калино моме (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар(Македонска опера и балет, Битола)
– Кажи Анѓо (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Дејгиди, луди млади години (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Стојне, бре, Стојне (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Нели ти реков, моме Донке (Песни од срцата), за сопран, бас и симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Пијан танец за симфониски оркестар (Македонска опера и балет, Битола)
– Пијан танец за симфониски оркестар (Melbourne Metropolitan Sinfonietta, Мелбурн, Австралија)
– Три псалми за хор и оркестар (Денови на македонска музика, Македонска филхармонија, Скопје)
2018:
– Пијан танец-Пајдушко за симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Хуеска, Шпанија)
– Пијан танец-Пајдушко за симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Сарагоса, Шпанија)
2019:
– Пијан танец-Пајдушко за симфониски оркестар (Македонска филхармонија, Израел)

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
2016 – 2017, Македонска опера и балет, раководител на внатрешна организациона единица
2016, член на комисија за Државна награда „23 октомври“
2017, член на комисија за Државна награда „23 октомври“
2012-2018, претседател на Сојузот на композиторите на Македонија – СОКОМ
2016, претседател на Центар за музикологија – ЦЕМ
2019, член на управен одбор на Академија „Дурловски“.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Сони Петровски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Сони Петровски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Сони Петровски да биде избран во звањето редовен професор во областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. Стојан Стојков, с.р.**
**Проф. Живоин Глишиќ, с.р.**
**Проф. м-р Сашо Татарчевски, с.р.**

**Сони Петровски**

**Образец 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ**

| | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен - доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | Да |
| 2. | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат)* | Да |
| 3. | Има способност за наставна работа | Да |

*Во прилог како додаток на биографија

**Образец 2**

**НАСТАВНО- ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| Одржување на настава | | |
| - од прв циклус студии | 0.04 | 27.6 |
| - од втор циклус студии | 0.05 | / |
| - од трет циклус студии | 0.06 | / |
| Консултации со студенти | 0.002 | / |
| Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд | 0.7 | 0.7 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломски труд | 0.1 | 0.3 |
| Ментор на дипломска работа | 0.2 | 0.2 |
| | | Вкупно: 28.8 |

СТРУЧНО- УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| - Создадено и изведено симфониско дело, балет, опера; дело за солист и симфониски оркестар; дело за хор и симфониски оркестар; **<br>- Издадено ЦД или друг носач на звук;<br>-Авторство/продукција на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од голем формат; авторско учество/коавторство/извршна продукција на аудиовизуелно дело од монументален формат; | 8 | - ***Си заљубив едно моме*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Ленка Пингова*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Шта да правам, што да чинам*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска Филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Невеста жито требеше*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Кажи Анѓо*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска Филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Назад, назад, Калино моме*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8) |

| | | |
|---|---|---|
| | | - ***Дејгиди, луди млади години*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Стојне, бре Стојне*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Нели ти реков, моме Донке*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Македонска Филхармонија, Скопје, 2015 (8)<br>- ***Си заљубив едно моме*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето, 2016 (1,2)<br>- ***Ленка Пингова*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето, 2016 (1,2)<br>- ***Шта да правам, што да чинам*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Невеста жито требеше*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Кажи Анѓо*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Назад, назад, Калино моме*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Дејгиди, луди млади години*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска Филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Стојне, бре Стојне*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска Филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Нели ти реков, моме Донке*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето,2016 (1,2)<br>- ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Охридско лето, 2016 (1,2)<br>- ***Си заљубив едно моме*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола, 2016 (1,2)<br>- ***Ленка Пингова*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола, 2016 (1,2)<br>- ***Шта да правам, што да чинам*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола, 2016 (1,2)<br>- ***Невеста жито требеше*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола, 2016 (1,2)<br>- ***Кажи Анѓо*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола, 2016 (1,2)<br>- ***Назад, назад, Калино моме*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола 2016 (1,2)<br>- ***Дејгиди, луди млади години*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола 2016 (1,2)<br>- ***Стојне, бре Стојне*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола 2016 (1,2)<br>- ***Нели ти реков, моме Донке*** за сопран, бас и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола 2016 (1,2)<br>- ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Македонска опера и балет, Битола, 2016 (1,2) |

| | | |
|---|---|---|
| | | - ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Melbourne Metropoliten Sinfonietta, Мелбурн, Австралија, 2016 (1,2)<br>- ***Три псалми*** за хор и оркестар, Македонска филхармонија, Скопје, 2018 (8)<br>- ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Хуеска, Шпанија, 2018 (1,2)<br>- ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Сарагоса, Шпанија, 2018 (1,2)<br>- ***Пијан танец*** за симфониски оркестар, Македонска филхармонија, Израел, 2019 (1,2)<br>- ***Тајно моја*** за солисти, хор и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, 2017, Скопје, (премиера) (8)<br>- ***Тајно моја*** за солисти, хор и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, 2017, Скопје, (6 репризи) (7,2)<br>- ***Тајно моја*** за солисти, хор и симфониски оркестар, Македонска опера и балет, 2017, Прилеп, (1 изведба) (1,2)<br>- ***Хармс - музика за филм,*** Скопје, 2017 (8)<br>- ***Хармс - музика за филм,*** Единбург, 2017 (1,2)<br>- ***Хармс - музика за филм,*** Шангај, 2017 (1,2) |
| **-Создадено и изведено камерно дело, создадено и изведено дело за Биг бенд**;** | 6 | - ***Концертна пиеса*** за пијано и гудачки оркестар, Виена (0.9)<br>- ***Анданте*** за 2 флејти и пијано, Малта (0.9) |
| -Создадено и изведено дело за соло инструмент или за вокал; **<br>- Создадена применета музика;<br>- Создадено неизведено симфониско дело балет, опера; дело за солист и симфониски оркестар; дело за хор и симфониски оркестар;<br>- Авторство/извршна продукција/маркетинг на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат;<br>авторско учество/коавторство на аудиовизуелно дело од среден формат; | 4 | / |
| - Создадено неизведено камерно дело; создадено неизведено дело за Биг бенд; | 3 | / |
| | | Вкупно: 145,4 |

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| | | |
|---|---|---|
| Уредник на научно/стручно списание | 2 | - Главен и одговорен уредник на списанието „Музика“, 2016 (издавач: СОКОМ) (2)<br>- Главен и одговорен уредник на списанието „Музика“ 2017 (издавач: СОКОМ) (2) |
| Раководител на внатрешна организациона единица | 3 | - Уметнички раководител на Операта при Македонска опера и балет (3) |
| Учество во комисии и тела на државни органи | 1 | - Член на комисија за Државна награда „23 октомври“, 2016 (1) |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Член на комисија за Државна награда „23 октомври“, 2016 (1) |
| Претседател на здружение поврзано со струката | 2 | - Претседател на Сојуз на композитори на Македонија – СОКОМ (2)<br>- Претседател на Центар за музикологија – ЦЕМ (2)<br>- Претседател на Здружение за заштита на авторски права СОКОМ-МАП (2) |
| Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 0.5 | / |
| Награда за уметнички постигнувања од струкова организација -самостоен | 3 | / |
| Член на управен одбор на здружение поврзано со струката | 0.3 | - Член на Претседателство на Сојузот на композиторите на Македонија – СОКОМ (0.3)<br>- Член на Управен одбор на Здружението „Академија Дурловски“ (0.3)<br>- Член на Управен одбор на Здружението „Студио Креатив“ (0.3) |
| | | Вкупно: 15,9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **28,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **145,4** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **15,9** |
| **Вкупно** | **190,1** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. Стојан Стојков, с.р.**
**Проф. Живоин Глишиќ, с.р.**
**Проф. м-р Сашо Татарчевски, с.р.**

*Прилог бр. 3*

# РЕЦЕНЗИЈА

**НА РАКОПИСОТ „РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ“ ОД АВТОРОТ АЛЕКСАНДРА КАРОВСКА РИСТОВСКА**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, бр. 13-227/4, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ од авторката ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА КАРОВСКА РИСТОВСКА, наменет за студентите на Институтот за специјална едукација и рехабилитација (назив на единицата), за предметот Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух, избрани се проф. д-р Горан Ајдински и проф. д-р Хуснија Хасанбеговиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### II. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ |
| **Назив на предметната програма:** | Специјална едукација и рехабилитација: Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух (прв циклус), Рана интервенција на деца со оштетен слух (втор циклус); специјални едукатори и рехабилитатори, педагози, психолози, родители на деца со ПОП. |
| **Назив на студиската програма:** | Специјална едукација и рехабилитација: |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 2+2 (6 ЕКТС-кредити) |
| Предметот Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух на Филозофскиот факултет е задолжителен (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во III семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание (1. издание) |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 201 страница (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 36 слики и 5 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.**
**Проф. д-р Хуснија Хасанбеговиќ, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРАН АЈДИНСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Целиот ракопис е срочен во 201 страница текст, распределени во 9 дела вклучувајќи ја и литературата: Структура и функција на аудитивниот систем; Класификации на оштетувањето на слухот; Аудиометрија; Слушни помагала; Кохлеарен имплант; Развој на слушање и зборување кај деца со оштетен слух; Основи и модели на раната интервенција; Семејно насочена рана интервенција на деца со оштетен слух; Едукативни опции за ученици со оштетен слух. Покрај текстот, во ракописот можат да се видат и 36 слики и 5 табели.<br>За изработка на ракописот се користени 251 библиографска единица, од кои поголемиот дел се од англиско говорно подрачје.<br>Првиот дел, именуван „Структура и функција на аудитивниот систем“, започнува со објаснување на основните структури од кои е составен аудитивниот систем, со концизно објаснување на надворешното, средното и внатрешното уво.<br>Во вториот дел со наслов „Класификации на оштетувањето на слухот“, авторката дефинира неколку класификации: класификација според степенот на слушно оштетување; класификација според времето на настанување на слушното оштетување и класификација според етиологијата на слушните оштетувања, при што авторката прави и подетална обработка дефинирајќи ги причинителите со потекло од надворешното, средното и внатрешното уво.<br>Во третиот дел со наслов „Аудиометрија“, авторката покажува различни видови аудиограмски криви, го објаснува начинот на кој се спроведува скринингот на слухот, дефинира критериуми за процена на слушната чувствителност како и методи за процена на перцепција на говорот.<br>Во четвртиот дел од учебникот „Слушни помагала“ и петтиот дел „Кохлеарен имплант“ се дадени историски прегледи на развојот на слушните помагала и кохлеарниот имплант, видови помагала и нивните дизајни.<br>Шестиот дел од учебникот со назив „Развој на слушањето и зборувањето кај деца со оштетен слух“ ги дефинира слушањето и јазичниот развој кај деца со типичен развој, понатаму се објаснуваат аудиторно-вербалниот развој, како и некои стратегии за слушање и развивање на комуникација. На крајот од овој дел се објаснува влијанието на гестот врз развојот на јазикот. |

| | |
|---|---|
| | Седмиот дел „Основи и модели на раната интервенција“ и осмиот дел од учебникот „Семејно-насочена рана интервенција за деца со оштетен слух“ се однесуваат и ги обработуваат целите на раната интервенција, барањата на раната интервенција, семејно ориентираните практики, како и некои стратегии за интервенција за деца со оштетен слух. Во овие делови се зборува и за значењето на знаковниот јазик како природен јазик за деца со оштетен слух.<br>Во последниот дел, „Образовни можности за ученици со оштетен слух“, авторката ги дефинира постојните можности за образование на глувите деца, класифицирани во неколку категории: вербални методи, невербални методи и комбинирани методи на комуникација. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна покриеност на наставната содржина (100 %). |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е напишан јасно, концизно и разбирливо. |
| **Категоризација:** | учебник/учебно помагало/скрипта |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 201 страница (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 36 слики и 5 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 8.II 2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Хусниja Хасанбеговиќ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Проблемот со влијанието на нарушувањата на слухот врз комуникацијата и образованието постои и во минатото и денес во современиот свет. Проучувајќи ја аудитивната патологија во директното проучување на нарушувањата, за време на нејзината работа, авторката сфати дека глувото дете може да развие значајна комуникација и да развие говорен јазик со употреба на соодветни слушни помагала, кохлеарни импланти, читање устен говор или употреба на знаковен јазик и други професионални методи.<br><br>Со цел да ги продлабочи нејзините научни интереси, авторката преку методите на работа со оваа популација ги опиша и пристапи кон овие пречки кои намерно се во одреден момент клучни за развој на образованието. Затоа, авторката го актуализира прашањето за рана интервенција на деца со оштетен слух, што вклучува развоен период од раѓање до шест години, како и можностите и предностите на образованието на децата со оштетен слух во однос на раното откривање и раната интервенција.<br><br>Со цел да се приближи проблематичната област до студентите, опишувајќи ги основите и моделите на рана интервенција, авторката опишува важни поглавја, како што се: структура и функција на аудитивниот систем; класификации на глувост; аудиометрија и помагала за слух, вклучително и кохлеарен апарат. Таа, исто така, ги опиша процесите на развој на слухот и говорот кај деца со оштетен слух и образовни можности за учениците со оштетен слух, со оглед на тоа што станува збор за сложена работа и многу хетерогена популација на овие луѓе. |
| **Оценa за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот кој е предложен на рецензија е во целосна согласност со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот **РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ** се обработува преку поглавја што авторката детално ги разработила, на начин што тие ги исполнуваат поставените критериуми за пишување учебници, кои подразбираат многу систематски и професионален пристап при опишување на проблемот. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Силниот мотив на авторката укажува на потребата за понатамошно ширење на знаењето и развој на методите на едукација на населението кај деца со оштетен слух, зошто е потребна соодветна стручна поддршка преку многу сложена, разновидна и програмирана содржина, поради што му предлагам на издавачот да го објави овој ракопис како учебник и да се даде на јавноста и експертите за увид и заклучок. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Тузла, 8.II 2021 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Хуснија Хасанбеговиќ, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК *ГРАМАТИКА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК. ГЛАГОЛ*, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРКАТА РУСКА ИВАНОВСКА-НАСКОВА

Врз основа на Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската **2020/2021** година, бр. **11–1011/1-1** од **14.12.2020** година, и Барањето за издавање на учебникот во електронска форма, од авторката **Руска Ивановска-Наскова**, со Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 55 донесена на 20.1.2021 година, за рецензенти се избрани: **д-р Александра Саржоска**, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, и **д-р Лучана Гуидо Шремпф**, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 9. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Граматика на италијанскиот јазик. Глагол |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Руска Ивановска-Наскова |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Граматика на италијанскиот јазик 3 - морфологија |
| **Назив на студиската програма** | Италијански јазик и книжевност |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | 30+30 |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 30 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | електронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | / |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.**
**Проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф, с.р.**

# 1. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА САРЖОСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот *Граматика на италијанскиот јазик. Глагол* е поделен во осум поглавја. Во првото и воведно поглавје се претставени накусо развојот на глаголскиот систем на италијанскиот јазик и главните тенденции на синхрониски план. Втората глава е посветена на дефинирање на основните категории врзани за оваа зборовна класа (начин, време, лице и број, залог, глаголски вид), додека во третата се претставени спецификите на конјугацијата на глаголите во италијанскиот јазик. Наредната глава опишува некои поважни видови глаголи кои имаат специфична употреба (копулативни глаголи, помошни глаголи, модални глаголи, фазни глаголи, каузативни глаголи, прономинални глаголи, безлични глаголи, преодни и непреодни глаголи). Петтата глава е посветена на активната и на пасивната форма. Во шестата, пак, е претставена употребата на начините и на времињата на глаголите во италијанскиот јазик. Претпоследната глава се занимава со описот на оваа зборовна класа во речниците на италијанскиот јазик. Осмата глава содржи прашања и вежби кои се однесуваат на претходно обработените содржини. Во учебникот има, исто така, и прилози со табели во кои се дадени формите на неправилните глаголи, најчесто употребуваните италијански глаголи и согласувањето на времињата и на начините во комплементарните зависносложени реченици. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебникот *Граматика на италијанскиот јазик. Глагол* соодветствува во целост со предметната програма на предметот Граматика на италијанскиот јазик 3 - морфологија, во кој се обработуваат теми поврзани со глаголскиот систем на италијанскиот јазик. Со оглед на тоа што некои содржини се претставени и од синтаксичка перспектива, тој соодветствува и со дел од содржините на други предмети од областа на италијанската граматика. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | *Граматика на италијанскиот јазик. Глагол* е одлично осмислен и мошне успешно напишан учебник. Учебникот е составен од повеќе поглавја, јасно и |

| | |
|---|---|
| | едноставно презентирани на дескриптивен начин. Покрај основните теми кои се однесуваат на глаголот во италијанскиот јазик и се незаобиколен дел на граматиките на италијанскиот јазик, учебникот содржи и делови кои ја осветлуваат оваа проблематика и од други перспективи (дијахрониска, контрастивна и дидактичка). Многу важен аспект на учебникот е тоа што е напишан на македонски јазик, како и тоа дека примерите се внимателно избрани и преведени, што значително ќе ја олесни рецепцијата на текстот. Сметаме дека објавувањето на овој учебник ќе придонесе за збогатување на наставниот процес, и во областа на теориските предавања и во практичната настава. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Учебникот *Граматика на италијанскиот јазик. Глагол* детално, успешно, со инвентивен пристап и на македонски јазик обработува содржини од централно значење за италијанската граматика и во целост ги покрива содржините од предметот Граматика на италијанскиот јазик 3 - морфологија. Сметаме дека неговото објавување ќе биде од особено значење за студентите на Катедрата за италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и ќе придонесе тие полесно да ја усвојат оваа мошне комплексна проблематика. Се разбира, имајќи ја предвид универзалноста на темите кои се третирани, сметаме дека овој учебник може да биде применет во секоја образовна средина во која се третира наведената проблематика. |
| **Предлози за потребни корекции** | нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | / |
| **Други елементи** | / |

**Рецензент**

**Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.**

## [2]. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЛУЧАНА ГУИДО ШРЕМПФ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Овој учебник, чија содржина е претставена во 8 глави, може да се подели на три дела. Првиот дел (глава 1) ги претставува главните новини во италијанскиот глаголски систем во однос на латинскиот јазик и во однос на другите романски јазици и се занимава со актуелните промени поврзани со ширењето на употребата на одредени времиња и истиснувањето на други. Вториот дел (глави 2, 3, 4, 5, 6) ги обработува главните теми поврзани со глаголот како зборовна група: глаголските категории, формата на глаголите (трите конјугации, прономиналните глаголи, неправилните глаголи, дефектните глаголи итн.), видовите глаголи (помошни, модални, фазни, безлични итн.), активната и пасивната форма и употребата на времињата и на начините. Третиот дел (глави 7 и 8), пак, е посветен на полесно усвојување на италијанскиот глаголски систем: во него се споредени описите на глаголите во различните речници на италијанскиот јазик и се дадени голем број прашања и вежби за полесно усвојување на темите обработени во учебникот. Важен дел се и прилозите во кои се дадени табели со неправилни глаголи, листа на глаголи кои влегуваат во основниот вокабулар на италијанскиот јазик, како и главните правила за една од најсложените проблематики во италијанската граматика т.н. *consecutio temporum*. На крајот на учебникот има и глосар и обемна библиографија на користените единици. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Овој учебник е во согласност со предметната програма на предметот Граматика на италијанскиот јазик 3 - морфологија, кој е дел од студиската програма на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Во учебникот јасно и прецизно се претставени главните аспекти на италијанскиот глаголски систем. Важна новина на учебникот се и големиот број контрастивни коментари со кои се воспоставуваат врски меѓу италијанскиот и македонскиот јазик. Уште еден важен аспект во текстот е упатувањето на електронски извори (речници, статии, |

| | |
|---|---|
| | вежби и сл.), што придонесува за интерактивноста на содржините и за нивно поуспешно совладување. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Станува збор за учебник кој несомнено ќе даде придонес во осовременување на наставата по граматика на италијанскиот јазик. Објавувањето во електронска форма ќе овозможи негова консултација и од страна на сите оние што се интересираат за италијанскиот јазик како странски. |
| **Предлози за потребни корекции** | нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Во учебникот не се сретнуваат дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | / |
| **Други елементи** | / |

**Рецензент**
**Проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески**“во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебникот **Граматика на италијанскиот јазик. Глагол** во електронска форма од авторката **Руска Ивановска-Наскова**.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.**
**Проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф, с.р.**

*Забелешка: Рецензијата објавена во Билтен, може да изнесува најмногу 10 страници, со проред 1.*

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НЕИНТЕГРИРАНИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК (СИНТАКСИЧКИ, СЕМАНТИЧКИ И ИНФОРМАЦИСКОСТРУКТУРНИ АСПЕКТИ)“ ОД М-Р БОЈАН ПЕТРЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на педесет и петтата редовна седница на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 20.1.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р **Бојан Петревски** под наслов: **Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)**, во состав: проф. д-р Анета Дучевска (претседател), проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска (ментор), проф. д-р Маргарита Велевска (член), проф. д-р Димитар Пандев (член) и проф. д-р Симон Саздов (член).

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Предмет на анализа во докторскиот труд на м-р Бојан Петревски се *неинтегрираните конструкции* во македонскиот јазик. Со овој поим се опфаќаат сите конструкции што се реализираат прозодиски издвоено од другиот дел на исказот, функционираат како секундарни предикати, се однесуваат на некој аргумент на примарната предикација и имаат релативно слободна линеаризација. Појдовна теориска рамка за анализа на овие конструкции е концепцијата на Бернар Комбет (Combettes 1998) за *construction détachée,* изложена во монографија посветена на овој тип конструкции во францускиот јазик. Како најсоодветна адаптација на терминот *construction détachée* (*издвоена конструкција*), м-р Петревски го одбира терминот *неинтегрирана конструкција*, тргнувајќи од определбата „неинтегиран“ употребена во именувањето на еден од типовите на предикативен атрибут кај Минова-Ѓуркова (2000).

Главните функционални карактеристики на неинтегрираните конструкции се: нецелосна вклопеност во прозодиската структура на исказот: *Секогаш со многу енергија, тој во случајов брзо се исцрпи*; вредност на секундарна предикација, т.е. посочување дополнителна информација во однос на примарната предикација: *Во ваква форма е необичен, но адаптиран на македонски јазик, овој термин ќе биде поприфатлив*; соодneсеност со некој од аргументите на примарната предикација: *Отворен за секого, тој брзо ги засака; Го најдов дури во дното на дворот, седнат на кревет под лозница.;* и линеарна подвижност, т.е. флексибилност за промена на позицијата: *Поучен од искуството, Петар беше повнимателен / Петар, поучен од искуството, беше повнимателен/ Петар беше повнимателен, поучен од искуството*.

Овој тип конструкции и слични на нив, главно како експоненти на секундарната предикација, во лингвистичката литература на и за други јазици, се среќаваат со многу различни термини: *предикативен атрибут, привремен или инцидентен атрибут, атрибутивно проширување, апозитив, предикатска определба, реченична трансформа* и др., а често се дел од пошироки групи конструкции издвоени според еден од критериумите, како на пр., прозодискиот кај *парентетските конструкции* (термин што широко се користи во англофонската литература).

Секундарната предикација, позициската флексибилност и соодносеноста со аргумент на примарната предикација не се ексклузивитет на неинтегрираните конструкции. Напротив, тие карактеристики ги поседуваат и нивните интегрирани пандани, сп. *Дојде вчера, израдуван.* или *Израдуван, дојде вчера.* наспрема *Дојде израдуван вчера*; *Израдуван дојде вчера*. Во таа смисла, едно од клучните прашања што се проучуваат во трудот е токму тоа зошто во едни случаи авторот прибегнува кон неинтегрирана, а во други кон интегрирана конструкција.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Бојан Петревски, со наслов „Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“, содржи 280 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 185 библиографски единици (53 на кирилица и 132 на латиница).

Трудот е структуриран како целина составена од 6 дела: *Вовед, Теориски основи и општи белешки за (не)интегрираните конструкции, Депиктивни (не)интегрирани конструкции, Каузални неинтегрирани конструкции, Неинтегрираните конструкции како модификатори во именската синтагма и Заклучок*. По нив следуваат списоците на *Користена литература* и *Извори на ексцерпираните примери*. Деловите (главите) се систематизирани во потпоглавја, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето.

Во *воведот* (7-11) се изложени предметот и целта на истражувањето, клучните проблеми што се предмет на анализа, главната теза, трите посебни тези операционализирани со по неколку поттези, пристапот и методите на истражувањето, а наведена е и структурата на трудот. На крајот од овој дел се истакнува потребата за вакво истражување и очекуваните придобивки од резултатите од него.

Во **првата глава**, насловена *Теориски основи и општи белешки за (не) интегрираните конструкции* (12-60), м-р Бојан Петревски ги изложува теориските основи од кои тргнува во своето истражување и ги објаснува критериумите според кои се издвојуваат конструкциите што се предмет на неговиот интерес, а се синтетизирани од пристапот на повеќе автори, меѓу кои: Комбет (Combettes), Химелман и Шулц-Бернт (*Himmelmann*, *Schultze*-Berndt), Гуес и Кифер (*Gouesse*, *Kiefer*), Ригел (Riegel), Ноели (Noailly), Карел (Carel), Минова-Ѓуркова, Тополињска, Генадиева-Мутафчиева, Радуловиќ, Ружиќ, Пипер.

Иако, како што спомнавме погоре, појдовна теориска рамка за анализа на овие конструкции е онаа од Бернар Комбет (Combettes 1998), м-р Бојан Петревски, врз основа на сите гледишта од широко консултираната литература, синтетизира свој пристап, според кој централно место меѓу секундарната предикација заземаат депиктивните конструкции, кои изразуваат привремени карактеристики, актуелни во интервалот на настанот на примарната предикација. Во овој дел од трудот, Петревски ги разграничува типовите секундарни предикати, па освен депиктивните што изразуваат привремени карактеристики, изделува и такви што изразуваат трајни карактеристики и се во каузална врска со предикатот. Кај овој тип на конструкции најчести се причинските и концесивните конструкции, кои ќе бидат разгледани одделно. Исто така, одделно ќе бидат разгледани и конструкциите што изразуваат трајни карактеристики што не се во семантичка врска со предикатот и кои функционираат како модификатори во именската синтагма

Во првата глава на трудот се разгледува и проблемот на двозначните неинтегрирани конструкции низ призма на семантичката концепција на аргументативноста. Во таа насока, изложени се и основните поими на тој пристап кон значењето (како кај Анскомбр, Карел, Дикро и други автори), кој е мошне интересен во контекст на неинтегрираните конструкции, бидејќи тие не располагаат со експонент на значењето, туку адресатот ги толкува според своите емпириски сознанија.

Најпосле, во рамките на општите карактеристики на неинтегрираните конструкции се утврдени и основните поими во врска со нивниот информацискиот карактер (*тема – рема*, *топик – коментар*). Во таа смисла, неинтегрираните конструкции се поставуваат во контекст на сознанијата што ги споделуваат авторот и адресатот. Со оглед на тоа дека еден референт (содржина) може да биде информациски активен, неактивен или достапен, концептот *активација* се применува и на неинтегрираните конструкции, а во воведниот дел е илустриран со примери на неинтегрирани конструкции од „Дневник по многу години“ од Блаже Конески. Во последниот дел на првата глава, посебно потпоглавје е посветено на разграничувањето

на неинтегрираните конструкции од парентетските, кои се илустрирани со примери од говорениот јазик (телевизиски интервјуа).

Во **втората глава**, насловена *Депиктивни (не)интегрирани конструкции* (61-128), се разгледуваат конструкциите што изразуваат секундарна предикација во најопшто прифатена смисла, односно привремени карактеристики на некој од аргументите на примарниот настан (примарната предикација), актуелни во интервалот на неговото одвивање. Широко распространет термин за овој тип конструкции е терминот *депиктивни* конструкции. Оваа глава е поделена на три главни потпоглавја, во кои одделно се разгледуваат конструкциите во врска со субјектот, со акузативниот аргумент и со другите аргументи.

Во врска со значењето на депиктивните конструкции што се однесуваат на субјектот, кои се најчести, м-р Бојан Петревски заклучува дека тие изразуваат карактеристики што се класификуваат во неколку групи: физички состојби (положба, изглед), физиолошки, ментални и емоционални состојби; подреденост во низа; животни фази; непридруженост или непоттикнатост/неподдржаност од друг референт. Депиктивните конструкции во врска со субјектот се комбинираат со различни семантички групи глаголи, а тие комбинации се претставуваат преку повеќе општи парафрази, од типот на: субјектот е во некаква физичка положба, при што е во некаква физиолошка состојба; субјектот врши некаква физичка активност, при што е во некаква физичка состојба (положба, изглед); субјектот врши некаква ментална активност, при што е во некаква физичка положба; субјектот врши некаква вербална активност, при што е во некаква ментална состојба; субјектот ја менува физичката положба, при што е во некаква ментална состојба итн.

Од информациски аспект, интегрираните и неинтегрираните депиктивни конструкции се разликуваат, пред сѐ, по тоа што интегрираните депиктивни елементи се дел од информациското јадро и најчесто функционираат како рема, а неинтегрираните се надвор од него, па не може да функционираат ни како класична тема ни како класична рема. Како што посочува Петревски, дали депиктивната конструкција ќе се реализира како интегрирана или како неинтегрирана, зависи од нејзината информациска примарност/секундарност, која не е секогаш стилски мотивирана, туку во некои случаи се наложува од контекстот. Во поглед на линеаризацијата, се забележува дека неинтегрираните варијанти се пофлексибилни. Утврдена е релативна корелација и меѓу комплексноста на предикатско-аргументската структура и (не)интегрираноста на конструкциите. Во таа смисла, колку е поголем бројот на аргументите, толку е поголема веројатноста конструкцијата (ако е во зоната десно од предикатот) да биде неинтегрирана и линеаризирана дистантно од предикатот.

Депиктивните конструкции што се однесуваат на акузативниот аргумент, според анализата на Петревски, најчесто се комбинираат со глаголи на визуелна перцепција како *види, гледа, погледне* и др., а повеќето од другите како *најде, затекне, сретне* и сл. може да се подведат под општата парафраза ‘субјектот го затекува објектот во некаква состојба’. Повеќето се однесуваат на персонален аргумент, кому му припишуваат карактеристики во врска со: положбата на телото, изгледот, менталната состојба, професионалниот статус и сл. Во делот за депиктивните конструкции во врска со акузативниот аргумент се посочени и тие што не се вклопуваат во некои од критериумите за депиктивност. На пример, кај неинтегрираните конструкции со глаголите од типот на *замислува*, *памети* и *сака*, карактеристиката на аргументот не е актуелна, туку проектирана. Исто така, Петревски забележува и случаи во кои депиктивните конструкции не изразуваат карактеристика што е актуелна во временската рамка на настанот, тука ја изразуваат самата временска рамка на настанот, т.е. на примарната предикација.

Во последното потпоглавје се разгледуваат депиктивните конструкции во врска со дативниот аргумент, кои се маргинални, а и конструкциите што се однесуваат на други аргументи, кои се значително поретки, а може да имаат и двојна интерпретација.

**Третата глава**, под наслов *Каузални неинтегрирани конструкции* (129-200), се состои од две главни потпоглавја, во кои се опфатени *причинските* и *концесивните* конструкции. Нивната заедничка карактеристика е тоа што не се воведени со показател на каузалното значење, туку се интерпретираат според имплицитни генерични начела, со кои адресатот располага емпириски. Причинските неинтегрирани конструкции може да бидат еднозначно причински или депиктивно-причински. Семантички, еднозначно причинските конструкции изразуваат поиманентни, релативно трајни карактеристики, а депиктивно-причинските – привремени карактеристики на некој од аргументите на кој се однесуваат. Поради тоа, кај првите преовладуваат квалификативните придавки, а кај вторите – глаголските придавки, во согласност со тоа што привремените карактеристики често се резултат на настан што, посредно или непосредно, му претходи на актуелниот.

Причинските неинтегрирани конструкции се сопоставени со причинските дел-реченици и со причинските именски синтагми. Причинските неинтегрирани конструкции, за разлика од соодветните дел-реченици и именски синтагми, секогаш се наоѓаат надвор од информациското јадро, па не може да функционираат како непосреден одговор на прашањето за причината и се надвор од опсегот на негацијата. Освен тоа, тие се разликуваат од причинските дел-реченици и по тоа што се однесуваат само на референти што учествуваат во настанот (што е и една од општите карактеристики на неинтегрираните конструкции). Како што се посочува, причинските неинтегрирани конструкции и причинските дел-реченици се разликуваат и во поглед на линеаризацијата. Во таа смисла, причинските дел-реченици, во принцип, се постпозитивни во однос на главната, т.е. се јавуваат во десната зона, иако без ограничувања може да се јават и во препозиција и во интерпозиција. Од друга страна, причинските неинтегрирани конструкции речиси секогаш се јавуваат во левата зона. Од таа тенденција отстапуваат депиктивно-причинските конструкции, кои често се јавуваат и во десната зона. За нив се посочува дека може да се реализираат и како интегрирани (повообичаено: во десната зона), но во тие случаи целта на исказот е да пренесе само депиктивна, а не и информација за причината.

Општо земено, се заклучува дека причинската содржина треба да биде информациски секундарна за да се формализира како неинтегрирана конструкција. Во таа смисла, причинската содржина формализирана како неинтегрирана конструкција е информациски секундарна дури и во случаите каде што се посочува првпат, т.е. функционира како секундарна рема. Анализиран е и пообемен материјал од телевизиски дебатни емисии од политичкиот дискурс, па се заклучува дека во говорениот јазик изразувањето на причината со неинтегрирани конструкции е многу ретко. Врз основа на тој материјал, изведени се заклучоци во врска со информациските карактеристики на другите начини на изразување на причината – причинските дел-реченици и именски синтагми.

Концесивните неинтегрирани конструкции, како и причинските, изразуваат релативно (долго)трајни, поиманентни карактеристики, од една страна, но и привремени карактеристики, од друга страна. Во согласност со тоа, некои се еднозначно концесивни, а некои – депиктивно-концесивни. Сопоставувањето на концесивните неинтегрирани конструкции со концесивните зависносложени реченици покажува дека и едните и другите можат да изразат и фактивна и нефактивна концесија. Сепак, тие се помалку флексибилни во поглед на синтаксичките функции од сложените реченици.

**Четвртата глава**, насловена *Неинтегрираните конструкции како модификатори во именската синтагма* (201-246), се состои од две поголеми потпоглавја, во кои се разгледани придавските и именските конструкции. За разлика од другите неинтегрирани конструкции, придавските и именските неинтегрирани конструкции како модификатори во именската синтагма функционираат како дигресии од настанот, т.е. изразуваат карактеристики што не се во семантичка врска со предикатот, туку се релевантни како дополнителен опис на референтот, независно од неговото учество во настанот.

Меѓу (не)рестриктивноста и (не)интегрираноста на придавските модификатори има делумна корелација. За разлика од интегрираните, кои почесто се рестриктивни, но може да бидат и нерестриктивни, неинтегрираните се секогаш нерестриктивни. Во таа смисла, тие не ја условуваат идентификацијата или комплетирањето на квалификацијата на референтот и, од друга страна, изразуваат релативно (долго)трајни, поиманентни карактеристики, кои го опфаќаат носителот пошироко од интервалот на настанот. Како клучни специфичности на придавските неинтегрирани конструкции во споредба со другите, м-р Бојан Петревски ги посочува следните: не се јавуваат во препозиција во однос на носителот; не се јавуваат ни во интегрирани варијанти во дистантна позиција; не се врзуваат со референти посочени во најнепосредниот претходен контекст.

И именските конструкции како модификатори во именската синтагма изразуваат долготрајни, поиманентни карактеристики, кои го опфаќаат носителот (најчесто персонален референт) пошироко од интервалот на настанот: професии и занимања, општествени и административни функции, релативно трајни физички карактеристики, меѓучовечки релации и сл. Именските модификатори може да функционираат како и модификаторите воопшто, рестриктивно или нерестриктивно. Сепак, за разлика од придавските и од модификаторите во форма на предлошки синтагми и на релативни дел-реченици, кои почесто се рестриктивни, именските модификатори почесто се нерестриктивни, и тоа дури и кога се интегрирани. Од друга страна, како и придавските модификатори и релативните дел-реченици, кога се неинтегрирани, редовно функционираат нерестриктивно.

Како што е посочено, во случаите со идентификуван референт, неинтегрираните варијанти на именските конструкции во голема мера зависат од информацискиот статус на референтот и на содржината што му се припишува. Во принцип, неинтегриранатите варијанти се јавуваат во случаи каде што адресатот не е запознаен со референтот и со содржината што му се припишува. Во случаите каде што референтот и содржината му се познати на адресатот, но авторот прибегнува кон неинтегрирана варијанта, неинтегрираноста служи за информациско деградирање, со кое содржината се претставува како информациски секундарна.

**Петтата глава** на докторскиот труд го претставува заклучокот за сите типови неинтегрирани конструкции разработени во трудот и е насловена *Заклучок* (247-263). Во овој дел се рекапитулирани сознанијата за сите типови конструкции одделно, а се посочуваат и перспективите што ги отвора трудот. Во таа смисла, неинтегрираните конструкции, чии синтаксички, семантички и информацискоструктурни карактеристики се опишани во трудот, потврдуваат дека тие три плана се нераскинливо поврзани. Како што утврдува м-р Бојан Петревски, синтаксичките карактеристики на една неинтегрирана конструкција во голема мера зависат од нејзиното значење и информациски статус, но и информациските карактеристики зависат од семантичките и од синтаксичките фактори. Според тоа, освен што треба да бидат претставени во контекст на таа корелација и во идните граматички описи на македонскиот јазик, конструкциите опишани во трудот може да послужат и како основа за проучување и на другите прозодиски издвоени конструкции.

Потоа следува преглед на **консултираната литература** (185 библиографски единици). Обемниот список на приложената литература и нејзината примена низ трудот покажува продлабочена упатеност на м-р Бојан Петревски во пошироката и потесната проблематика на истражувањето, а укажува и на фактот дека авторот консултирал и користел литература на повеќе јазици.

На крајот се наведни **изворите** од кои се ексцерпирани примерите, при што може да се забележи дека се користени текстови од различни функционални стилови, од книжевни дела од автори од различни генерации, од весници и портали, а анализирани се примери и од говорениот македонски јазик – телевизиски интервјуа, дебатни емисии и сл.

**ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

Предмет на овој труд се неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик од синтаксички, семантички и информацискоструктурен аспект. Со поимот *неинтегрирана конструкција* се опфаќаат сите конструкции што се реализираат прозодиски издвоено од другиот дел од исказот, функционираат како секундарни предикати, имаат релативно слободна линеаризација и се однесуваат на аргумент на примарната предикација. Тргнувајќи од секундарната предикација, како клучен поим, во трудот детално се анализираат депиктивните и казуалните секундарни предикати (конструкции), меѓу кои темелно се разгледуваат тие со причинско и со концесивно значење. Одделно внимание им е посветено и на придавските и на именските конструкции што изразуваат секундарна предикација, а се јавуваат како модификатори во именската синтагма. Од семантички аспект, во фокусот е релацијата на неинтегрираните конструкции како секундарни предикати со примарната предикација како целина. Од синтаксички аспект, како клучно прашање се разгледува функцијата на аргументите на кои се однесуваат конструкциите. Од информацискоструктурен аспект, од примарен интерес е нивната поставеност во или надвор од информациското јадро и улогата на линеаризацијата во тој поглед.

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА**

Во странската лингвистичка литература, конструкциите што се предмет на интерес на овој труд се обработени во трудови на повеќе автори, меѓу кои: Комбет (Combettes), Неве (Neveu), Менгено (Maingueneau), Химелман и Шулц-Бернт (*Himmelmann, Schultze*-Berndt), Гуес и **Кифер** (*Gouesse, Kiefer*), Ригел (Riegel), Ноели (Noailly), Карел (Carel), Калтенбек и др. Карактеристиките на овој тип конструкции се сопоставени и со анализите на соодветните конструкции – пандани во лингвистичката литература посветена на други словенски јазици, како на пример, кај Генадиева-Мутафчиева, Радуловиќ, Ружиќ, Пипер и др.

Во македонската лингвистичка средина неинтегрираните конструкции не биле предмет на опстојна анализа. Во таа смисла, тие биле засегани делумно и посредно. Некои од нивните синтаксички и семантички карактеристики се анализирани во трудовите на Тополињска, Корубин, Минова-Ѓуркова, Геговски, Марковиќ и др., при што предмет на интерес биле: кондензацијата во рамките на именската синтагма, т.е. реченичните трансформи, проблематиката на апозицијата, синтаксата на глаголскиот прилог, типовите атрибуција, причинските трансформи, линеаризацијата на именските синтагми зависни од глаголска придавка и сл. Од обратната перспектива не се пристапувало, односно не се тргнувало од неинтегрираноста како една од суштинските особености на овие конструкции, за да се утврдат нивните синтаксички, семантички и информацискоструктурни карактеристики.

**КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ**

Во поглед на методологијата, теориските основи во докторскиот труд на м-р Бојан Петревски се оформени со синтеза од постојните сознанија за соодветната проблематика низ лингвистичката литература, а при разработката како основен метод се користи анализата, која подразбира дескрипција, но е и од експликативен карактер. Во таа смисла, варијантноста на неинтегрираните конструкции се разгледува во врска со факторите од кои зависи. За да се извлечат воопштени заклучоци, односно за да се применат и да се проверат општите сознанија на поединечните случаи, применети се и методите на индукција и на дедукција.

Во трудот е применет и компаративниот метод, т.е. соодветните конструкции се разгледани и низ лингвистичката литература посветена на други јазици. Што се однесува на корпусот, извршена е обемна ексцерпција, па се анализирани примери од различни функционални стилови, односно од книжевни дела од автори од различни генерации, од весници и портали, како и од говорениот македонски јазик, т.е. од телевизиски интервјуа, дебатни емисии и прилози. Секако, во минуциозната анализа на

сите можни варијанти на појавување на овие конструкции, користена е и компетенцијата на авторот како роден зборувач на македонскиот јазик.

**КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Резултатите од истражувањето на м-р Бојан Петревски покажуваат дека неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик претставуваат една целина, којашто се диференцира врз основа на прозодиски, семантички и синтаксички критериуми. Анализираните синтаксички, семантички и информацискоструктурни карактеристики на неинтегрираните конструкции потврдуваат дека тие три плана се нераскинливо поврзани. Во трудот се докажува дека синтаксичките карактеристики на една неинтегрирана конструкција во голема мера зависат од нејзиното значење и информациски статус, но и дека информациските карактеристики зависат од семантичките и од синтаксичките фактори. Во таа смисла, се потврдува дека во пристапот кон анализата на јазичните структури воопшто, нераскинливо е поврзувањето на синтаксата со семантиката и со прагматиката.

Ова истражување дава значаен теориски придонес во македонската лингвистика затоа што првпат синтетизирано и исцрпно анализирано се разгледува еден важен сегмент од граматичката структура на македонскиот стандарден јазик. Во таа смисла, резултатите добиени од него ќе имаат повеќестрана примена: ќе придонесат за подобар и поточен граматички опис на овие конструкции во македонскиот јазик, ќе може да се применат во пишувањето на современа дескриптивна граматика, а секако ќе овозможат и полесна конфронтација на македонскиот јазик со другите јазици, со што би се постигнала негова поголема афирмација.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Бојан Петревски под наслов „Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“ претставува оригинален научен труд во кој системски и студиозно се обработени неинтегрираните конструкции и проблематиката на секундарната предикација во македонскиот јазик. Тој претставува оригинален придонес во македонската наука за јазикот, особено поради фактот што оваа проблематика кај нас досега не е систематски проучена. Резултатите до кои доаѓа м-р Бојан Петревски преку анализа на автентичен материјал претставуваат релевантни нови научни сознанија, важни за правилното разбирање на овие конструкции, соодветен опис и нивна повеќестрана примена.

Рецензентската комисија исклучително позитивно ја оценува докторската дисертација и смета дека по својот пристап, начинот на изработка и резултатите, трудот е оригинален, темелен и ги исполнува формалните и суштински норми на квалитетно лингвистичко истражување.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот м-р Бојан Петревски, пред одбраната на докторската дисертација, ги објавил во списанија и зборници со меѓународна уредувачка редакција, следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Петревски, Бојан.** 2020. „За еден кондензиран начин на изразувањето на причината во македонскиот јазик“, во: *Погледи за македонскиот јазик* (*зборник на трудови*), стр. 301-317. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Македонска академија на науките и уметностите, Совет за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“. [Достапно на: http://imj.ukim.edu.mk/documents/doc1.pdf]
2. **Петревски, Бојан.** 2020. „Секундарната предикација во врска со акузативниот објект во македонскиот јазик“, Прилози на МАНУ XLIV, 1, 2020, стр. 131-145.
3. **Петревски, Бојан.** 2020. „Информацискиот аспект на изразувањето на причината во неколку дебатни емисии во претседателската кампања“. Во: *XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, 308–318. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. [Достапно на: http://ukim.edu.mk/dokumenti_m/2019-52_seminar-46_MNK.pdf]
4. **Петревски, Бојан.** 2019. „Аспекти на придавската секундарна предикација во македонскиот јазик“. Современа филологија/Journal of Contemporary Philology, 2019, стр. 65-79. [Достапно на: https://journals.ukim.mk/index.php/jcp/article/view/969]
5. **Петревски, Бојан.** 2018. „Концесивните неинтегрирани конструкции во македонскиот јазик“. Journal of Contemporary Philology, 1 (1)/2018, 48-63. [Достапно на: https://journals.ukim.mk/index.php/jcp/article/view/11]
6. **Петревски, Бојан.** 2017. „Информацискиот статус на причинските придавски неинтегрирани конструкции“. Македонски јазик LXVIII, 2017, 131-144. Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.
7. **Петревски, Бојан.** 2016. „Критериуми за издвојување на неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик“. Македонски јазик LXVII, 2016, 123-129. Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.
8. **Петревски, Бојан.** 2013. „Како негира Конески?“, Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот ’Гралис‘. Грац – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“/Institut für slawistik der Karl-Franzens-Universität Graz, 2013, 141-147.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација под наслов „Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“, изработена од кандидатот м-р Бојан Петревски, претставува оригинален научен труд. Сознанијата добиени од овој труд претставуваат теориски придонес за македонската лингвистика, но ќе имаат и практична примена – ќе придонесат за подобар и поточен граматички опис на неинтегрираните конструкции како експоненти на секундарната предикација во македонскиот јазик, ќе може да се применат при пишувањето на современа дескриптивна граматика, а секако ќе овозможат и полесна конфронтација на македонскиот јазик со други јазици од аспект на оваа проблематика.

Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и смета дека по својот пристап, начинот на изработка и резултатите, трудот ги исполнува формалните и суштински норми на квалитетно истражување.

Имајќи го предвид високото академско ниво на трудот, неговата оригиналност и придонесот што го дава во македонската наука за јазикот, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да го усвои извештајот за оцена на докторската дисертација со наслов „Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“, изработена од кандидатот м-р Бојан Петревски, и да одобри јавна одбрана.

Скопје, 16.2.2021 г.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Анета Дучевска (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Маргарита Велевска (член), с.р.**
**Проф. д-р Димитар Пандев (член), с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов (член), с.р.**

# ПРЕГЛЕД

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

## 2. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ника Гавровска | „Вербалната и визуелната нарација во франкофонската илустрирана книжевност за деца“ | Poetics of Children`s Picture Books verbal and visual narrative in children`s ill ustrated francophone literature | проф.д-р Владимир Мартиновски | 18.2.2021г. 10-246/7 |
| 2. | Јулија Атанасовска | „Онмастиката и јазичната слика на светот (врз примери од руската книжевност од XIX век)“ | Onomastics and language image of the world (based on 19th centry russian literature) | проф.д-р Биљана Мирчевска-Бошева | 18.2.2021г. 10-15/2 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

1. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Борче Вељановски | Примена на метод на конусна пенетрација (CPT) во земјотресно геотехничко инженерство | Application of cone penetration test (CPT) in earthquake geotechnical engineering | Вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева | 09-244/1 од 16.2.2021 год. |